# Библиски лекции



## Поуки од посланијата на *апостол Петар (I)*

Година 100. Број 2
Април - Јуни 2024

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Апостол на Исус Христос | 5 |
| 2.Туѓинци | 10 |
| 3. Послушни Божји деца | 15 |
| 4. Божјото Слово | 20 |
| 5. Живи камења | 25 |
| 6. Сведоштво за светот | 31 |
| 7. Апел до мажите и жените | 36 |
| 8. Ставот на христијанинот | 41 |
| 9. Крштевањето што им е потребно на сите | 46 |
| 10. Да се живее нов живот | 52 |
| 11.Непрестајна љубов | 57 |
| 12. Апел до црковните водачи | 62 |
| 13. Бидете трезвени, бидете внимателни | 67 |


„Библиската поука не треба да се проучува со фрлање на еден брз поглед врз нејзиниот текст во сабота наутро, туку поуката за следната седмица треба внимателно да се проучи во сабота попладне, а потоа секојдневно да се повторува и расветлува во текот на седмицата. Така поуката ќе се вреже во нашата меморија како богатство кое никогаш нема целосно да се загуби". - Воспитување 251.252.


Издава: Seventh Day Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019 – 5048, USA.
За Македонија: Реформно движење на адвентистите на седмиот ден, 1300 Куманово, Моша Пијаде 85. Телефон: 076/466-322; e-mail: info@rdasd.mk: Web: www.rdasd.mk
Во цитираните библиски стихови користени се следните преводи: Библија (Библиско здружение 2006) и Библија (превод Д-р/Др Душан Х. Константинов).
Одговорен уредник: Часлав Дичевски

Година 100, Број 2


Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото Слово, заснована само на Библијата и Духот на пророштвото, без додатни коментари. Прашањата се така формулирани што овозможуваат директен и концизен одговор. Зборовите во заграда се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на цитираните дела е мошне препорачливо.

# Предговор

Кој од нас не поминал низ ситуации слични на онаа на Петар, ученик секогаш отворен и подготвен да го каже своето мислење? Неговата човечка природа е секако онаа со која сите ние можеме да се поврземе, барем на некој начин. Неговата ентузијастичка ревност и подготвеност да ги исполни барањата на својот Господар се инспиративни. Сигурно можеме да се соживееме со неговите повремени, срамни грешки и да бидеме охрабрени од начинот на кој повторно се издигнал по падот. Процесот на созревање низ кој помина Петар под Божјо водство го доведе до возвишениот апостолски повик, со две посланија достојни да бидат ставени во светиот канон на Светото Писмо.

Поради овие причини, во текот на следните три месеци, учениците во саботните училишта ширум светот ќе се фокусираат на Поуки од посланијата на Петар (I). Богатите бисери на вистината од перото на овој вдахновен Божји човек имаат за цел да ни помогнат во нашето одење со Господ во тешки времиња.

Една од клучните точки во посланието на Петар е дека Божјиот народ треба да живее живот кој го изградува Христовото тело и дава блескаво сведоштво за светот помрачен од гревот.

„Оживување и реформација мора да се случат под дејство на Светиот Дух. Оживување и реформација се две различни работи. Оживување значи обновување на духовниот живот, оживување на силите на умот и срцето, воскресение од духовна смрт. Реформација значи реорганизација, промена на идеите и теориите, навиките и практиките. Реформацијата нема да донесе добри плодови на праведноста ако не е поврзана со оживувањето на Духот. Оживувањето и реформацијата мора да ја вршат својата задача, а при вршењето на оваа работа мора да се спојат.“ - *Избрани пораки 1, 123.*

Интересното сведоштво упатува силен апел до сите нас и нѐ поттикнува да се стремиме кон духовен раст додека го проучуваме првото послание на Петар: „Брате мој, ти можеш да бидеш силен во Господа, доколку сакаш. Ти имаш способности што Бог ти ги доверил за да ги посветиш на Неговата служба. Ако не се посветиш целиот на Христа, твојата способност ќе стане опасност за тебе и за другите, бидејќи ќе ги наведеш да застранат од патот на вистината и да се оддалечат од Христа.

За членовите на црквата во _______ мора многу да се направи. Ти треба да имаат огнена ревност за Исуса, треба да бидат попонизни, потрпеливи, пољубезни, попопустливи - слични на Христа во секој поглед. Треба со својот карактер на светот да му ја покажат моќта на вистината. Бог не дозволува ти со твојот пример и твоите зборови да го попречуваш патот на ова значајно дело. Сакаш ли да соработуваш со Христа? Сакаш ли да му бидеш верен на Господа кој те откупил? Сакаш ли да оставиш на страна сѐ што има помало значење? Ти мораш да бидеш крстен во една посеопфатна вера и љубов кон Бога. Повеќе треба да ги цениш работите што имаат вечно значење.“ – *5 Сведоштво, 570,571.*

Нека Господ ни помогне на сите да го примиме ова при срце додека проучуваме!

*Оддел на Генералната конференција за Саботна школа*

Сабота, 6.април 2024.

## Дар во првата сабота за црквата во Наранг Манди, Пакистан




Пораката на Реформното движење на адвентистите на седмиот ден влегла во Пакистан во вториот дел од дваесеттиот век. Вкупното население на Пакистан е 241,5 милиони, а најзастапена религија е исламот (96,47%), а потоа следи хиндуизмот (2,14%), христијанството (1,27%) и другите религии (0,11%). Нашата земја е опкружена со Авганистан, Кина, Индија, Арапското Море и Иран. Уделот на земјоделството во бруто домашниот производ е околу 20,9%. Економијата на Пакистан е рангирана како земја во развој со ниски приходи. Пакистан се лошо котира според сите развојни параметри поставени од Програмата за развој на Обединетите нации и Светската банка.

Градот Наранг Манди се наоѓа во областа Муридке во државата Пенџаб. Оваа област е населена со над 500 илјади луѓе. Во последниве децении, спроведувавме состаноци, семинари и други активности за развој на црквата меѓу нашите браќа во Пакистан. Дури и покрај проблемите со кои се соочуваме, успеваме да ја одржиме нашата вера во Христа. Сега нашите активности се проширија низ целата земја. Работиме на развој на различни аспекти од Господовото дело, како што се мисионерски потфати, здравствено образование, развој на лидерство, формирање на центри за образование и реновирање на нашите стари цркви во Пакистан.

„Господ му се обраќа на Својот народ во ова време, велејќи: Влезете во градовите и проповедајте ја вистината со едноставност и вера. Светиот Дух ќе работи преку вашите напори да ги освои срцата. Не внесувајте во вашата порака некакви чудни доктрини; туку кажете ги јасните зборови на Христовото евангелие, кои можат да ги разберат и младите и старите. И необразованите и образованите треба да ги разберат вистините на третата ангелска порака и тие треба да се поучуваат во едноставност. Ако сакате да им пристапите на луѓето на прифатлив начин, понижете ги вашите срца пред Бога и учете ги Неговите патишта.“ - *Medical Ministry, p. 299.*

Сите свои дарови треба радосно да ги приложиме; спремно ќе ги исполниме Божјите барања и ќе разбереме дека Божјото дело бара дел од средствата што ни се доверени во наши раце. Браќата и сестрите од мисијата во Пакистан ви се заблагодаруваат, драги наши браќа, сестри и млади за вашите дарежливи дарови за овој проблематичен дел од светот... „зашто Бог го љуби оној што од срце дава“ (2 Коринтјаните 9:7).

***Вашите браќа и сестри од Пакистанската Црква***

# Апостол на Исус Христос

**„И рече Господ: ’Симоне, Симоне, ете, сатаната посака да ве сее како пченица; но Јас се молев за тебе за да не се изгуби твојата вера; а ти кога еднаш ќе се обратиш, укрепи ги браќата свои’“ (Лука 22:31,32).**

„Бидејќи бил наведен да се откаже од себе и потполно да се потпре врз божествената моќ, Петар го прифатил позивот да работи како еден од потпастирите...Дури кога ги сфатил своите слабости, можел да сфати и колку им е потребно на верниците да се потпрат врз Христа“. – *Делата на апостолите, 515.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Копнежот на вековите, 244–251.*

Недела 31. март

## 1. ОДГОВОР НА ХРИСТОВИОТ ПОВИК

**а. Опишете ја првата средба на Симон Петар со Исус. Јован 1:40-42.**

„Андреј сакал и на другите да им ја пренесе радоста, која го исполнувала неговото срце. Барајќи го својот брат Симон, тој извикал: ’Го најдовме Месијата’. Симон не чекал друг повик. И тој го слушнал проповедањето на Јован Крстителот, па побрзал кај Спасителот. Христовиот поглед почивал врз него, читајќи го неговиот карактер и историјата на неговиот живот. Неговата избувлива природа, неговото срце полно со љубов и чувства, неговите амбиции и самодоверба, историјата на неговиот пад, неговото покајание, неговата работа и неговата маченичка смрт сето тоа Спасителот го прочитал“. – *Копнежот на вековите, 139.*

**б. Под кои околности Исус официјално ги повикал Петар и неговиот брат да станат Негови ученици? Матеј 4:18-20.**

„Непосредната безусловна послушност на овие луѓе, без ветување за награда, изгледа извонредно, но Христовите зборови беа повик кој со себе носеше движечка сила. Христос сакаше да ги направи овие скромни рибари, поврзувајќи ги со Себе, средства да ги ослободи луѓето од службата на сатаната и да ги стави во служба на Бога“. – *Gospel Workers, p. 24.*

## 2. ИСКРЕН И РЕВЕН УЧЕНИК

**а. Како се гледал Петар себеси на почетокот на своето ученишто? Лука 5:8.**

________________________________________________________________________

„Во времето на Христа верските водачи на народот сметале дека поседуваат големо духовно богатство. Молитвата на фарисејот: ’Боже, Ти благодарам што не сум како другите луѓе’ (Лука 18:11), ги изразувала чувствата на тој општествен слој, а во голема мерка и чувствата на целата нација. Но, во мноштвото насобрано околу Исуса, имало и такви кои ја чувствувале својата духовна сиромаштија. Кога во чудесниот улов на риба се открила Христовата сила, Петар паднал покрај нозете на Спасителот извикувајќи: ’Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек’ (Лука 5:8). Така и меѓу мноштвото собрано на гората имало души кои соочени со Неговата чистота чувствувале дека секој човек е ’беден и проколнат, сиромав, слеп и гол’ (Откровение 3:17)“. – *Мисли од горага, 6.*

**б. Што Петар верувал за тоа кој бил Исус? Матеј 16:13-16.**

________________________________________________________________________

„Петар уште од почеток верувал дека Исус е Месијата. Многу други, кои биле осведочени од проповедањето на Јован Крстителот и кои го прифатиле Христа, почнале да се сомневаат во Јовановата мисија, кога тој бил фрлен в затвор и бил погубен, а сега се сомневале дека Исус бил Месијата… Многу ученици кои желно очекувале Исус да го заземе Своето место на Давидовиот престол го напуштиле, кога согледале дека Тој нема таква намера. Меѓутоа, Петар и неговите другари не се одвратиле од својата приврзаност. Колебливоста на оние кои вчера славеле, а денес осудувале, не ја уништила верата на вистинските следбеници на Спасителот. Петар изјавил: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог”. Тој не чекал неговиот Господ да го крунисаат со царско достоинство, туку го примил Него во Неговата понизност…

Исус му одговорил на Петар: ’Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го открија тоа, туку Мојот Отец, Кој е на небесата’.

Вистината што ја искажал Петар претставува темел на верата на верникот. Тоа е она за што Христос кажал дека е вечен живот. Сепак поседувањето на тоа знаење не било причина за самопрославување. Тоа не му се открило на Петар заради неговата сопствена мудрост или добрина. Човекот никогаш не може со сопствени сили да дојде до сознание за божественото.

…Единствено духот на посинувањето може да ни ги открие Божјите длабочини.

…Петровото препознавање на Христовата слава било доказ дека тој бил ’поучен од Бог’“. – *Копнежот на вековите, 411,412.*

## 3. ЖЕЛЕН ЗА ОДГОВОРИ

**а. Кои библиски примери го покажуваат испитувачкиот ум на Петар и откриваат како можеме да растеме со развивање на истиот став? Матеј 15:15; 18:21; 19:27; Марко 13:3,4.**

______________________________________________________________________

„Ни едни студии не можат така да ги облагородат мислите, чувствата и стремежот како проучувањето на Светото Писмо... Од неа ќе научиме, како можеме да го поправиме својот земен живот и како да си го осигуриме вечниот живот. Ниту една друга книга не може да го задоволи прашањата на умот и копнежите на срцето. А со добивањето на знаење од Божјото слово и со живеење според него, човекот може да се воздигне од најдлабоките длабочини на незнаење и деградација и да стане Божји син...

Како образовна сила, Библијата е без конкуренција. Ништо нема да придаде таква сила на сите способности како барањето од студентите да ги сфатат возвишените вистини на откровението. Умот постепено се адаптира себеси на предметите на кои му е дозволено да размислува. Ако е зафатен само со обични прашања, не давајќи место на големите и возвишените теми, тој ќе закржлави и ослаби. Доколку од него никогаш не се бара да се занимава со тешки проблеми или да се напрега за да сфати значајни вистини, умот по извесно време ќе ја загуби моќта да се развива...

Умот во Божјото слово наоѓа предмети за најдлабоко размислување, највозишено вдахновение“. – *5 Сведоштво, 24,25.*

„Најљубопитните можат безбедно да го учат во Христовата школа она што ќе им донесе и сегашно и вечно добро“. – *An Appeal to Mothers, p. 32.*

**б. Иако љубопитноста во духовните работи е пожелна (Јован 5:39), кога треба да се постави граница на здравата човечка љубопитност? Второзаконие 29:29.**

„(Сатаната) постојано се труди да поттикне дух на недозволено љубопитство, дух на неспокој и копнеж кон проникнување во тајната на Божјата мудрост и сила. Во своите напори да го дознаат и она што Бог им го скусил, илјадници луѓе не ги забележуваат оние вистини што се битни за нивното спасение“. – *Патријарси и пророци, 54,55.*

„Не смееме да се обидуваме со дрска рака да ја подигнеме завесата зад која Тој ја крие Својата величественост... Доказ за Неговата милост е тоа што постои криење на Неговата сила, дека Тој е прекриен во страшни облаци на мистичност и тајност; бидејќи, подигнувањето на таа завеса која го крие божественото присуство претставува смрт“. – *The Review and Herald, April 7, 1885.*

## 4. МАЛКУ ВЕРА, МНОГУ ДОВЕРБА

**а. Што треба да научиме од првото запишано искуство на Петар за одење според вера? Матеј 14:28-31.**

________________________________________________________________________

„(Петар) требаше да гледа само горе, а тој гледаше во разбрануваните бранови и неговата вера се расколеба“. – *2 Сведоштво, 273.*

„Ако грешникот не го направи своето животно дело да гледа кон воздигнатиот Спасител и ако со вера не ги прифати заслугите на кои само по милост полага право, тој нема да може да се спаси како што Петар не можел да оди по водата без да ги држи очите вперени кон Исус. Главната цел на сатаната денес е да го прикрие погледот од Исус и да ги наведе луѓето да гледаат во човекот... Со години црквата гледала на човекот и очекувала многу од него, но не и на Исус, во Кого се насочени нашите надежи за вечен живот“. – *Testimonies to Ministers, p. 93.*

**б. Колку подолго Петар бил со Исус, толку повеќе се преценувал себеси и својата способност да издржи големо искушение? Матеј 26:33-35,69-7.**

„Ништо не е толку навредливо за Бога, ништо толку опасно за човечката душа, како горделивоста и самоувереноста. Од сите гревови, тој е најбезнадежен, најтешко се лекува. – *Христовите поуки, 154.*

„Приказната на Петар го прикажува Христовиот метод на воспитување подобро од приказната на било кој друг ученик. Смел, борбен, со голема самодоверба, со голема моќ на забележување и избувлив во одлуките, брз во одмаздувањето, а сепак великодушен во простувањето, Петар често грешел и често добивал укори… Трпеливо, со непристрасна љубов, Спасителот се трудел околу овој темпераментен ученик, настојувајќи да ја ограничи неговата доверба во себе и да го научи на понизност, послушност и доверба.

Меѓутоа, лекцијата била само делумно научена. Самоувереноста не била искоренета…

Искуството на Петар е поука за сите нив. Оној што се потпира врз себе доживува пораз во искушението. Христос не можел да ги спречи сигурните последици на злото кое сè уште не е отфрлено. Но, како што Неговите раце биле подадени да спасат кога брановите се заканувале да го потопат Петар, така и Неговата љубав била поттикната да го спаси кога длабоките води ја преплавувале неговата душа“. – *Воспитување, 88,89.*

**в. Зошто долгогодишното членство во црквата не гарантира поголема сила во верата? Римјаните 11:20-22; 1 Коринтјаните 10:12; 8:2.**

Четврток 4. април

## 5. ОБРАТЕНИОТ АПОСТОЛ

**а. Зошто Бог не нè спречува секогаш да го следиме нашиот сопствен пат, знаејќи дека тоа може да заврши со грев и срам? Исаија 48:17; Лука 22:31,32.**

„Пред да се откаже и да се покае, Христос му рекол на Петар: ’А ти, кога еднаш ќе се преобратиш, зацврсти ги своите браќа’ (Лука 22:32). Тие зборови го означуваат обемот и делотворноста на работата што ја извршил апостолот подоцна за оние кои пристапиле кон верата. Личните искуства: сторениот грев, страдањата претрпени поради тоа и горкото каење го приготвиле Петар за тоа дело. Дури кога ги сфатил своите слабости, можел да сфати и колку им е потребно на верниците да се потпрат врз Христа… Сега, кога бил преобратен и примен во служба… негова должност била кон овците и јагнињата доверени на негова грижа да постапува исто онака нежно и сочувствително како Христос што постапувал со него“. – *Делата на апостолите, 515,516.*

**б. Во своите подоцнежни години, какво охрабрување дал обратениот Петар во своите писма до верниците кои биле под искушение? 1 Петрово 3:14; 4:12-14.**

„Тие посланија оставаат впечаток дека ги пишувал човек кој изобилувал не само со страдања заради Христа, туку исто така и со утеха во Него; човек чиешто битие било преобразено со милоста и чијашто надеж во вечен живот била постојана и непоколеблива“. – *Делата на апостолите, 517.*

Петок 5. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кога ќе го слушнам гласот на Исус кој повикува во различни животни околности, како можам да бидам сигурен дека ќе одговорам толку брзо и ревносно како Петар?**
2. **Како што се продолжува бројот на годините на моето исповедање на христијанството, што никогаш, ама баш никогаш не смеам да заборавам?**
3. **Во денешно време на постојано одвлекување на вниманието, каде треба да ја насочам мојата природна љубопитност ако сериозно сакма да бидам спасен за вечност?**
4. **Во кои аспекти од животот може да бидам во опасност од самодоверба и самозадоволство?**
5. **Кога грешам, како можам да извлечам позитивни поуки од тоа искуство?**

# Туѓинци

**„Затоа радувајте се, макар што можеби сега ќе треба малку и да тагувате поради разновидни искушенија“ (1 Петрово 1:6).**

„Ние сме патници, доселеници и странци на оваа Земја. Не смееме да ги трошиме своите средства на задоволување на барањата кои Бог бара да ги потиснеме. Подобро да настојуваме да пружиме добар пример на оние со кои доаѓаме во допир. Да ја прикажуваме соодветно својата вера... Вашето влијание нека остави впечаток на душите за светоста на Божјите барања“. – *6 Сведоштво, 452*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ: Големата борба, 17-38.**

Недела 7. април

## 1. ПИСМО УПАТЕНО ДО ПОСЕБНА ПУБЛИКА

**а. Како Петар им се обратил на христијаните раселени во Мала Азија на кои првенствено им било упатено неговото прво послание? 1 Петрово 1:1.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**б. Иако Христовите следбеници се туѓинци на оваа земја, како Бог гледа на нив? 1 Петрово 1:2; 2:9; Ефесјаните 2:19.**

„Божјиот народ - вистинскиот Израел - иако расеан по народите, на оваа земја е само дојденик чијашто вистинска татковина е небото“. – *Патријарси и пророци, 447.*

„Условот да се биде примен во Господовото семејство е да излеземе од светот, одвојувајќи се од сите негови загадувачки влијанија. Божјиот народ нема да има никаква врска со идолопоклонството во ниедна од неговите форми. Тие мора да достигнат повисок идеал. Ние треба да се одвоиме од светот; тогаш Бог ќе рече: ’Ќе ве примам како членови на Моето царско семејство, како деца на небесниот Цар.’ Како оние кои веруваат во вистината, ние треба да се разликуваме од гревот и грешниците во нашите постапки. Нашето државјанство е на небото.

Треба појасно да ја сфатиме вредноста на ветувањата што Бог ни ги дал и подлабоко да ја цениме честа што ни ја дал“. – *Fundamentals of Christian Education, p. 481.*

## 2. ИЗБРАНИ ОД БОГА

**а. Кога Петар нѐ нарекува Божји „избрани“, дали тоа значи дека еднаш избрани не можеме да бидеме изгубени? Објаснете споредувајќи ги Јован 15:16 со Лука 3:8,9; Лука 6:13-16 со Јован 6:70,71; Исаија 41:8,9 со Римјаните 11:20-23.**

___

„Кога нашиот Господ го одбрал Јуда, тогаш неговиот случај сѐ уште не бил безнадежен. Тој поседувал и некои добри особини. Соработувајќи со Христа во Неговото дело, слушајќи ги Неговите излагања, Јуда имал поволни можности да ги увиди своите недостатоци... Христос дури го ставил во положба каде што својата лакомост можел, по сопствен избор, или и понатаму да ја развива или да ја увиди и совлада. Тој ги чувал оние малку средства собрани за сиромашните...

Таа мала сума на пари за Јуда била извор на постојани искушенија... Прекорот кој Спасителот Му го упатил поради неговата себичност го нагризал Јудиното срце сѐ додека не се согласил да го издаде својот Господ за неколку сребреници. И денес меѓу почитувачите на саботата има такви кои во своето срце не се ниту малку поверни и подобри од Јуда“. – *4 Сведоштво, 41,42.*

**б. На кој главен принцип се заснова изборот според „предзнаењето на Бог Отецот“? 2 Петрово 3:9; 1 Тимотеј 2:4; Ефесјаните 1:4,5.**

___

„Отецот ја насочува Својата љубов кон Својот избран народ кој живее меѓу луѓето. Тоа се луѓето кои Христос ги откупил по цена на сопствената крв; и бидејќи тие одговорија на Христовиот повик и благодарение на Неговата возвишена милост, тие се избрани да бидат спасени како Негови послушни деца... Секој што ќе се понижи како мало дете, кој ќе го прими и го слуша Божјото Слово со детска едноставност, ќе биде меѓу Божјите избраниц“. – *The Signs of the Times, January 2, 1893.*

**в. Што треба да направиме за да го осигуриме нашиот избор и да избегнеме повторување на тажната судбина на Јуда? 2 Петрово 1:10; 3:17; 1 Јованово 3:2,3.**

„Ако ги исполниме условите поставени од Господ, ќе го обезбедиме нашиот избор за спасение. Совршената послушност на Неговите заповеди е доказ дека го сакаме Бога и дека не сме закоравени во гревот“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1079.*

## 3. ЗБОРОВИ НА ОХРАБРУВАЊЕ

**а. Кому му се припишува сета слава што нè избра и нè предодреди за спасение - и зошто? 1 Петрово 1:3; Псалм 72:18,19.**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

„Уште на почетокот на своето прво послание остарениот Божји слуга му оддал пофала и слава на својот Господар. 'Благословен да е Бог, Отецот на нашиот Господ Исус Христос'". – *Делата на апостолите, 517.*

**б. Со кои зборови Петар се обидува да ги утеши браќата кои се соочуваат со жестоко прогонство? 1 Петрово 1:3 (последен дел), 4; Видете исто така Евреите 11:26.**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

„Во таа блажена надеж на сигурно наследство на обновената земја, првите христијани се радувале дури и за време на тешките искушенија и страдања. Петар понатаму пишува: 'Затоа радувајте се, макар што можеби сега ќе треба малку и да тагувате поради разновидни искушенија'". – *Делата на апостолите, 517,518.*

**в. Зошто Бог дозволува искушенија, страдања и неволји да дојдат врз Неговите избраници? 1 Петрово 1:6,7; Матеј 5:11,12.**

„Неволјите и пречките се дисциплински мерки избрани од Бога и од Него назначени услови за успех. Оној, Кој ги чита срцата на луѓето, ги познава нивните карактери подобро од нив. Тој гледа дека некои имаат сили и предуслови, кои правилно насочени, можат да бидат употребени за напредок на Неговото дело. Во Своето провидение, Тој ги доведува овие лица во различни ситуации и околности, за да можат да ги откријат во својот карактер оние неправилности што биле сокриени од нивното знаење. Тој им дава можност да ги поправат тие неправилности и да се оспособат за Негова служба. Честопати Тој дозволува да бидат нападнати од огнот на тагата за да можат да бидат исчистени.

Фактот дека сме повикани да издржиме вакви проби, покажува дека Господ Исус во нас гледа нешто скапоцено што сака да го развие. Кога во нас не би видел ништо што би можело да го прослави Неговото име, Тој не би трошел време да нè облагороди. Во Неговата печка не се топат безвредни камења. Тоа се благородни камења што Тој ги облагородува. Ковачот става железо и челик во оган, за да го открие неговиот квалитет. Господ дозволува Неговите избрани да бидат ставени во печка на страдања, за да Го открие нивниот темперамент и дали тие можат да се прилагодат за Неговата служба". – *Здравје и среќа, 471.*

## 4. ИЗЈАВА ЗА ВЕРА

**а. Кој е единствениот начин на кој Бог може да нè доведе „до спасение“? 1 Петрово 1:5; Лука 8:48.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Верата во Христа која ја спасува душата не е она што многумина велат дека е. ’Верувај, верувај’, извикуваат тие; ’Само верувај во Христа и ќе се спасиш. Тоа е сè што треба да направите.’ Бидејќи вистинската вера целосно се потпира на Христа за спасение, таа ќе доведе до совршена усогласеност со Божјиот закон. Верата се манифестира со дела“. – *The Review and Herald, October 5, 1886.*

„За да бидеме чувани од Божјата сила преку вера, желбите на умот мора постојано да се креваат во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за знаење. Но, мислата и молитвата не можат да го заземат местото на сериозното, верно користење на времето. За усовршување на христијанскиот карактер се потребни и работа и молитва“. – *God’s Amazing Grace, p. 317.*

**б. Зошто на верата ѝ се потребни искушенија? 1 Петрово 1:7; Јов 23:10; Јаков 1:3.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Во религиозниот живот на секоја душа која на крајот ќе излезе како победник, ќе има моменти на страшна збунетост и тешки искушенија; но неговото познавање на Светото Писмо ќе му овозможи да се присети на охрабрувачките ветувања Божји, кои ќе го утешат неговото срце и ќе ја зајакнат неговата вера во силата на Семоќниот... Искушувањето на верата е поскапоцено од златото. Сите треба да научат дека ова е дел од дисциплината во Христовата школа, која е од суштинско значење за нивно прочистување од ѓубрето на земното“. – *God’s Amazing Grace, p. 317.*

**в. Како апостол Петар ја опишува суштината на верата? 1 Петрово 1:8,9. Споредете го ова со Павловата дефиниција за верата. Евреите 11:1.**

„Никогаш да не заборавиме, дури и кога одиме по долината, дека Христос е со нас, кога со доверба одиме таму, како и кога сме на врвот на планината. Гласот ни рече: ’Нема ли да му ги предадеме своите товари на Оној што го носи товарот, Господ Исус Христос? Зарем не сакате да живеете на сончевата страна на крстот?“. – *Ум, карактер и личност, 811.*

Четврток 11. април

## 5. ТАЈНАТА НА СПАСЕНИЕТО

**а. Зошто „спасението по благодат“ преку верата стана полесно разбирливо по Христовото воплотување и смрт? 1 Петрово 1:10-12; Лука 10:24; 1 Јованово 1:1-3.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Дури и пророците, кои биле посебно просветлени од Светиот Дух, не го сфатиле целосно значењето на откровенијата што им биле дадени…

Сепак, тие искрено се труделе да ја разберат целата светлина што Бог сакал да им ја покаже… Каква поука за Божјиот народ во христијанската ера, во чијашто полза се дадени овие пророштва на Неговите слуги!... Споредете ја нивната света ревност со безгрижната рамнодушност со која постапувале учителите на подоцнежните векови со овој небесен дар. Каков укор за оние кои во потрага за што полесен живот на овој свет рамнодушно се задоволуваат со изјавите дека пророштвата не можат да се разберат!“ *– Големата борба, 344.*

**б. Зошто планот на откупението претставува тајна дури и за ангелите? 1 Петрово 1:12 (последен дел); 1 Коринтјаните 4:9.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Доаѓајќи да живее меѓу нас, Христос дошол да го открие Бога и на луѓето и на ангелите… Нашиот мал свет е учебник на вселената. Прекрасната Божја цел на милоста, тајната на откупителната љубов тоа е тема во која ’ангелите посакуваат да проникнат’ и која ќе биде нивна тема за проучување низ бескрајните векови. Суштествата кои ќе бидат откупени и суштествата кои никогаш не паднале, во Христовиот крст ќе ја најдат својата наука и својата песна“*. – Копнежот на вековите, 19-20.*

Петок 12. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што може да ме потсети дека на овој свет сум само туѓинец, дојденец - оној кој овде не треба да се чувствува како дома?**
2. **Како можам да бидам сигурен во мојот избор и спасение?**
3. **Што може подобро да ме опреми за храбро да ги поднесувам неволјите и искушенијата?**
4. **Што има тенденција да ја ослаби или зајакне мојата вера?**
5. **Како можам да поминам повеќе време за подлабоко проучување на планот за спасението?**

# Послушни Божји деца

**„Откако ги очистивте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие, сакајте се еден со друг постојано со чисто срце“ (1 Петрово 1:22).**

„Кога со вера се фаќаме за Христа, нашето дело штотуку започна. Секој човек има расипани и грешни навики кои мора да се надминат со енергична борба. Од секоја душа се бара да се бори во борбата на верата“. – *Selected Messages, bk. 2, p. 20.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Патот кон Христа, 43-48.*

Недела 14. јануари

## 1. ВНИМАТЕЛНО ДА БИРАМЕ ЗА ШТО РАЗМИСЛУВАМЕ

**а. Според Божјото Слово, каде започнува вистинската послушност? 1 Петрово 1:13,14; Римјаните 12:2.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Секоја вистинска реформа започнува со чистење на душата. Токму преку бањата на повторното раѓање и обновувањето на умот преку силата на Светиот Дух, се врши промена во животот.

Гледајќи во Христа, ние се менуваме. Ако умот постојано се задржува на временските работи, тие нешта целосно го обземаат, влијаат на карактерот, така што Божјата слава се губи од вид и се заборава. Се забораваат можностите што им се на дофат да се запознаат со небесните работи. Духовниот живот умира. – *Sons and Daughters of God, p. 105.*

**б. Каде тече природниот тек на човечките мисли и мотиви? Создавање 6:5; Еремија 17:9.**

____________________________________________________________

**в. Што треба да правиме кога ќе сфатиме дека нашите мисли и мотиви не се чисти? Дела 8:22.**

## 2. ТРЕЗВЕНОСТ НА МИСЛИТЕ

**а. Како можеме во практична смисла да ги „препашеме бедрата на умот“? Создавање 4:7.**

___

___

„Оние кои не сакаат да упаднат во стапицата на лукавството на сатаната мора да внимаваат на приодите кон својата душа и да се трудат да не читаат, да не гледаат и да не го слушаат она што наведува на нечисти мисли. Не смее да им се дозволи на мислите да се запираат на секое прашање што би можел да го дошепне непријателот на душите. Срцето мора верно да се чува; инаку надворешното зло буди склоност кон злото што постои внатре и душата талка во мрак. ’Затоа, препашете ги бедрата на вашиот ум’, пишува Петар, ’бидете трезвени’“. – *Делата на апостолите, 518.*

**б. Зошто е неизмерно важно да ги контролираме мислите на нашето срце? Изреки 23:7 (прв дел); 24:9 (прв дел).**

___

„Мислите мора да бидат подредени на волјата Божја, а чувствата мора да бидат контролирани од разумот и верата. Нашата фантазија не ни беше дадена да ја оставиме да тече и да си оди по својот пат, без никаков напор за воздржување и дисциплина. Ако мислите се погрешни, чувствата ќе бидат погрешни; а мислите и чувствата заедно го сочинуваат моралниот карактер. Кога ќе одлучиме дека ние како христијани немаме потреба да ги ограничуваме нашите мисли и чувства, потпаѓаме под влијание на злите ангели и го повикуваме нивното присуство и контрола. Ако попуштиме на нашите впечатоци и ги оставиме нашите мисли да течат во канал на сомнеж и обесхрабрување, ќе бидеме несреќни и нашите животи ќе се покажат како неуспешни“. – *The Review and Herald, April 21, 1885.*

**в. Зошто апостол Петар нè повикува да бидеме трезвени и да се надеваме со „полна надеж во благодатта“? 1 Петрово 1:13. Споредете со 5:8.**

„Верно стражите над вашите мисли. Чувајте го секој пристап до вашето срце добро зајакнат. Мора да поставите бариери против пристапот на сатаната. Да се биде внимателен во еден момент додека другите се занемарени нема да ви помогне... Пред нас се опасности со кои мора да се соочиме, а нашата единствена сигурност е во Бога“. – *This Day With God, p. 174.*

## 3. БЕГАЈТЕ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ПОХОТИ И БИДЕТЕ СВЕТИ

**а. Во кои различни аспекти од нашиот живот треба да бидеме со крајно трезвен ум за да станеме свети? 1 Петрово 1:14,15; 4:2,3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Никој нека не се лаже дека гревовите на кои сме се оддавале подолго време можат мошне лесно, речиси патем да се отфрлат. Не е така! Секој грев што го правиме го ослабува карактерот и полека преминува во навика, оставајќи зад себе телесна, ментална и морална расипаност како последица. Вие можете да се покаете поради злото што сте го сториле, можете своите стапки да ги насочите кон вистинскиот пат, но вашиот вообличен ум и вашата блискост со злото ќе ви отежнат да ја согледате разликата меѓу доброто и злото. Низ веќе зацврстените лоши навики сатаната постојано одново ќе ве напаѓа“. – *Христовите поуки, 281.*

**б. Иако постојано нѐ потсетува да бидеме свети (1 Петрово 1:15,16) - што на некој начин можеби звучи како да може да се постигне тоа со нашите сопствени напори – во реалноста, со кои средства ни се овозможува да станеме свети? Левитска 20:7,8; Филипјаните 2:13; Тит 3:5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Иако ние самите немаме никакви заслуги, во големата Божја добрина и љубов ние ја добиваме наградата како заслугата да е наша. Кога сме го направиле сето добро што можеме да го направиме, сѐ уште сме залудни слуги... Она што го постигнавме е направено исклучиво со Христовата благодат, и не ни следува награда од Бога врз основа на нашите заслуги“. – *The Review and Herald, June 27, 1893.*

**в. По апелот да бидеме трезни, зошто апостолот нѐ потсетува на претстојниот суд? 1 Петрово 1:17; Колосјаните 3:5,6.**

„Секое човечко дело ќе биде подложено на испитување пред Бога и ќе биде забележано како верност или неверност. Покрај сечие име во небесните книги со стравотна точност ќе биде запишан секој лош збор, секоја себична постапка, секоја неисполнета должност, секој таен грев, како и секое вешто прикривање. Занемарените опомени и укори дадени од Бога, напразно потрошеното време, неискористените прилики, нашето влијание на добро или зло, со своите далекосежни последици - сето тоа верно го запишал ангелот записничар“. – *Големата борба, 482.*

## 4. ИСКУПЕНИ ОД ХРИСТОС

**а. Што изнесува Петар како добра причина дека напорите за надминување на минатите желби не само што вредат, туку и се наша должност? 1 Петрово 1:4,18,19; 1 Коринтјаните 6:18-20.**

___

___

„Сите луѓе биле откупени со таа бесконечна цена. Истресувајќи ја целокупната небесна ризница на овој свет и давајќи ни го во Христа целото небо, Бог ги откупил волјата, чувствата, умот и душата на секое човечко суштество поединечно. Било да се верници или неверници, сите луѓе по овој основ се Господова сопственост. Сите се повикани да извршуваат служба за него, и на големиот суден ден од сите ќе се бара да дадат сметка за тоа како одговориле на овој повик“. – *Христовите поуки, 326.*

**б. Кога бил воспоставен планот за откуп? 2 Тимотеј 1:8,9.**

___

___

„Бог знаел за настаните во иднината, уште пред создавањето на светот. Тој не ги направил Своите намери да одговараат на околностите, туку дозволил настаните да се развиваат и да се одвиваат. Тој не работел на тоа да донесе одредена состојба на нештата, но знаеше дека таква состојба ќе постои. Планот што треба да се реализира поради отпадништвото на кое било од возвишените небесни суштества - ова е тајната, ова е мистеријата која се криела со векови. Од почетокот, во вечните намери, беше подготвена жртва за да се изврши токму она што Бог го направи за паднатото човештво“. – *The Signs of the Times, March 25, 1897.*

**в. Од каде всушност доаѓа верата во Бога? Римјаните 10:17; 1 Петрово 1:21.**

___

___

„Ниту еден човек не може да создаде вера. Духот што делува на човечкиот ум и го просветлува, создава вера во Бога. Во Светото Писмо верата е наведена како дар Божји, моќен за спасение, просветлувајќи ги срцата на оние кои ја бараат вистината како скриено богатство. Божјиот Дух ја втиснува вистината во срцето. Евангелието се нарекува сила Божја за спасение затоа што само Бог може да ја направи вистината сила што ја посветува душата“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 940.*

Четврток 18. април

## 5. КРУНА НА ПОСЛУШНОСТА

**а. По апелот до верниците да војуваат против нивните поранешни похоти, која цел ја поставува апостолот како врвен облик на послушност? 1 Петрово 1:22.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Петар продолжува, ’сакајте се еден со друг постојано со чисто срце’. Божјата реч - вистината - претставува канал со чија помош Господ го открива својот Дух и својата сила. Прифаќањето на Божјата реч донесува плод каков што е потребен – ’нелицемерно братољубие’. Таа љубов има небесно потекло и кај нас предизвикува возвишени побуди и несебични постапки“. – *Делата на апостолите, 519.*

„’Откако ги очистивте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие’... Затоа, колку е важно сите што ја преземаат работата, колпортерите и оние што работат од канцеларијата, верно да ги чуваат и практикуваат највисоките, најсветите начела на Божјата реч“. – *The Publishing Ministry, p. 297.*

„Треба да ја негуваме љубовта во нашите срца. Не треба да бидеме подготвени да им мислиме лошо на нашите браќа. Мораме да му посветиме што е можно помало значење на она што го прават или велат. Ние мора да бидеме библиски христијани. (цитирано 1 Петрово 1:22)...

Мораме да ја испитаме природата на нашите мисли и чувства, нашите расположенија, намери, зборови и дела... Ако ревносно не ги испитаме нашите срца во светлината на Божјата реч, самољубието ќе нè наведе да размислуваме многу подобро за себе отколку што треба“. – *This Day With God, p. 83.*

„Да немаше некој недостаток во нашето сопствено искуство, немаше да бидеме толку сомничави кон нашите браќа. Токму тој чија совест го осудува толку лесно суди. Сите нека треперат и нека се плашат од себе... ’Откако ги очистивте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие’“. – *The Review and Herald, October 29, 1901.*

Петок 19.април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Што да правам ако во мојот ум влезе грешна или нечиста мисла?**
2. **Колку често треба да го испитувам срцето во однос на природата на моите мотиви?**
3. **Како можам да негувам подлабоко чувство на чистота во мојот живот?**
4. **Што може поцелосно да ја развие мојата благодарност за цената што Исус ја плати за мене?**
5. **Колку е искрена мојата љубов кон моите браќа и сестри?**

# Божјото Слово

**„Зашто, кој ќе влезе во спокојот Негов, тој ќе се одмора од делата свои, како и Бог од Своите“ (1 Петрово 2:2).**

„Божјата реч е тоа семе. Секое семе содржи во себе начело, сила на 'ртење. Во него е скриен животот на билката. И во Божјата реч се наоѓа живот“. – *Христовите поуки, 38*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Messages to Young People, pp. 189–191.*

Недела 21. април

## 1. ПОТРЕБЕН УСЛОВ

**а. Кој задолжителен услов за спасение им го претставил Исус на своите слушатели? Јован 3:5-7; Матеј 18:1-3.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

**б. На што посочува Петар како средство со кое можеме да се преобратиме (повторно да се родиме)? 1 Петрово 1:23.**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

„Промената на срцето со која стануваме Божји деца, Библијата ја нарекува раѓање...

Кога вистината станува владејачко начело во животот, душата се ʼпреродува не од распадливо семе, туку од вечно преку словото на живиот Бог, Кој живее во сите векови.ʼ Ова ново раѓање е резултат на примањето на Христос, како слово Божјо. Тогаш, со помош на Светиот Дух, во срцето се втиснуваат божествени вистини, се будат нови сфаќања и дотогаш заспаните сили се будат да соработуваат со Бога... Христос му ја откри вистината на светот. Преку Него во срцата на луѓето се посеа нераспадливото семе – словото Божјо.

Словото ја уништува природната, земна природа и ни дава нов живот во Исус Христос – божествената сличност“. – *The Faith I Live By, p. 19*.

## 2. ВЕЧНО НАСПРОТИ ЗЕМНОТО И ПРОПАДЛИВОТО

**а. Кои пророчки зборови ги цитирал Петар кога зборувал за кревкоста на човечкиот живот? 1 Петрово 1:24; Исаија 40:6-8.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

**б. Со што во Библијата се споредува човечкиот живот - и зошто? Псалм 103:15,16; Јаков 4:14.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Ние немаме време за губење. Не знаеме колку брзо ќе истече времето на милоста за нас. Во најдобар случај, го имаме само краткиот живот на оваа земја и не знаеме колку скоро стрелата на смртта ќе го погоди нашето срце…

Дали сме подготвени? Дали сме Го запознале Бога, Владетелот на небото, Законодавецот и Исуса Христа, Кого Тој Го испратил на овој свет како Свој претставник? Кога нашето животно дело ќе заврши, дали ќе можеме како Христос - нашиот пример, да кажеме: ’Јас Те прославив на земјата; го извршив делото, што Ти си Ми го дал... Го јавив Твоето Име?’ (Јован 17:4-6)“. – *Здравје и среќа, 454*.

**в. За разлика од човечкиот живот кој е како трева и пареа, што е вечно како Бог? 1 Петрово 1:25; Псалм 119:89.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Оној кој ќе ги прими овие Мои зборови и кој на тој темел ќе го изградува својот живот и карактер, сличен е, им рекол Исус, на градителите на овие куќи на каменот. Многу векови порано пророкот Исаија напишал: ’А словото на нашиот Бог останува вечно’ (Исаија 40:8); а Петар многу подоцна, после Беседата на горатa, цитирајќи ги овие зборови на пророкот Исаија, додал: ’А тоа слово е Евангелието што ви беше објавено’ (1 Петрово 1:25). Божјата Реч е единственото нешто што останува во овој свет. Таа е сигурен темел. ’Небото и земјата ќе минат’, рекол Исус, ’но зборовите Мои нема да минат’ (Матеј 24:35)…

Примајќи ја Речта, ние го примаме Христа. Само оние кои така ги примаат Неговите зборови, ѕидаат на Него… Христос, Речта, објавата на Бога - израз на Неговиот карактер, Неговиот Закон, Неговата љубов и Неговиот живот - е единствениот темел на кој може да се изгради цврст карактер.

Ние ѕидаме на Христа, слушајќи ја Неговата реч… Светоста е… последица на целосното предавање на Бога“. – *Мисли од горатa, 148,149*.

## 3. ОТСТРАНУВАЊЕ НА КАМЕЊАТА НА СОПНУВАЊЕ

**а. Наведете некои пречки кои нè спречуваат да го примиме Божјото слово како што е во Исус. 1 Петрово 2:1,2.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Примете ги во полнотата на своето срце Христовите зборови и бидете извршители на Неговото слово. Не можеме да ги добиеме благословите што може да ни ги донесе Христовата љубов и присуство, ако негуваме чувства што ќе го нарушат единството за кое Христос се молел да постои меѓу Неговите ученици“. – *The Review and Herald, July 25, 1893.*

„Нашето ’јас’ е првото нешто со кое треба да се справиме. Внимателно испитајте го срцето. Испитајте го за да видите што го блокира слободниот пристап на Божјиот Дух“. – *Our High Calling, p. 21.*

„Не треба да си дозволиме груби зборови и бурни карања, бидејќи ангелите Божји се присутни во секоја соба... Може да се направат мали грешки, но зборовите на осуда предизвикуваат чувство на одмазда и Бог е обесчестен... Секој збор изговорен непромислено или несвесно треба да се повлече на лице место... Ова е наша работа“. – *In Heavenly Places, p. 182.*

**б. Наведете примери за тоа како непопустливата горчина, лицемерието и зависта ги спречувале луѓето да го примат Божјото слово. Создавање 4:5-8; Марко 15:10; Дела 13:44,45.**

„Нашите молитви изгледа не добиваат веднаш одговор... Кога нешто бараме од Него, Тој може да види дека е потребно за нас да го испитаме своето срце и да се покаеме за гревот. Затоа нè води низ проверки и тешкотии, нè изложува на понижување за да увидиме што го попречува делото што треба да го изврши Светиот Дух преку нас“. – *Христовитте поуки, 143.*

„Зависта не е само изопаченост на карактерот, туку лош темперамент кој ги нарушува сите добри особини…

Завидливиот човек ги затвора своите очи за добрите особини и благородни дела на другиот. Секогаш е подготвен да го потценува и погрешно да го прикажува она што е извонредно. Луѓето често пати ги исповедаат и оставаат другите дефекти, но за ова има малку надеж кај завидливиот човек. Да му се завидува на некој човек значи да се признае дека тој е поголем, додека гордоста не дозволува никакво отстапување. Ако се обидеме да го убедиме завидливиот човек во неговиот грев, тој ќе стане уште поогорчен…

Завидливиот човек истура отров каде и да се појави, оттуѓувајќи ги пријателите и поттикнувајќи омраза и непокорност кон луѓето и кон Бога“. – *5 Сведоштво, 56.*

## 4. ЖЕЛНИ ЗА ВИСТИНСКОТО МЛЕКО НА СЛОВОТО

**а. Откако укажа на Божјото слово како сила за преобразување на нашите души, каква „желба“ нè охрабрува Петар да покажеме? 1 Петрово 2:2.**

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

„Колку повеќе ја проучуваме Библијата, толку повеќе ќе ја цениме...

Нема ништо попресметано за зајакнување на умот од проучувањето на Библијата. Ниту една друга книга не е толку моќна да ги воздигне мислите, да ги оживее способностите на умот како што тоа може да го направи Библијата со нејзините длабоки и облагородувачки вистини. Кога луѓето би ја проучувале Библијата како што треба, би имале таква широчина на умот и благородност на карактерот, што ретко се среќава денес.

Ниту едно знаење не е толку цврсто, толку доследно, толку далекусежно како она што се добива од проучување на Божјата реч“. – *In Heavenly Places, p. 135.*

**б. Наведете една од причините зошто луѓето одбиваат да ја проучуваат Божјата реч. Јован 3:19,20.**

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

„Вие го запоставувате Светото Писмо. Ги презирате и отфрлате сведоштвата затоа што тие ги укоруваат вашите омилени гревови и ја нарушуваат вашата самозадоволност“. – *5 Сведоштво, 49.*

**в. На што многу атински филозофи го посветиле своето време и со каков сличен проблем се соочуваме денес, особено поради неумереното користење на интернетот и социјалните мрежи? Дела 2:21-23,32; 2 Коринтјаните 4:3,4.**

___________________________________________________________________________
___________________________________________________________________________

„О, кога младите би размислувале за влијанието кое го имаат овие книги на умот! Можете ли по такво четиво, да ја отворите Божјата реч и со интересирање да ги читате зборовите на животот? Зар не сфаќате дека Божјата книга е незаменлива?“. – *Адвентен дом, 416.*

„Многумина го ослабуваат својот ум читајќи разни приказни и романи и ја губат насладата за Божјата реч. Нивните умови се опиваат и ако не ја отфрлат оваа навика, ќе ја изгубат способноста да се справат со свечените прашања за животот и судбината во вистинско светло“. – *The Review and Herald, April 14, 1891.*

Четврток 25. април

## 5. ДУХОВЕН РАСТ

**а. Што ќе биде невозможно ако не останеме вредни проучувачи на Божјата реч? 2 Петрово 3:18 (прв дел).**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Апостолот ги повикал верниците да ги проучуваат светите списи зашто, ако правилно ги сфатат нивните поуки, можат сигурно да се утврдат за вечноста. Петар увидувал дека секоја душа, која се бори и на крај победува, неизбежно поминува и низ неизвесности и искушенија; но тој исто така знаел дека познавањето и разбирањето на светите списи ќе го оспособат оној кој се искушава да си спомне за ветувањата кои претставуваат утеха за срцето и ја засилуваат верата во Семоќниот“. – *Делата на апостолите, 521.*

**б. Во каква опасност се оние што ’вкусиле дека Господ е добар’, но занемаруваат да ја применат Божјата реч во своите срца? 1 Петрово 2:3; Евреите 6:4-6.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Мнозина со самозадоволство гледаат на долгите години во кои ја застапуваа вистината. Тие сега сметаат дека заслужуваат награда за тие неволи и за таа послушност. Но тоа вистинско искуство во Господовите нешта кое го стекнале во минатото ги прави уште повиновни пред Него затоа што не го зачувале својот интегритет и не продолжиле по својот пат кон совршенство. Верноста во минатата година никого нема да го оправда за неверноста во оваа. Вчерашната вистинитост на еден човек нема да го оправда за неговата лажливост денес“. – *5 Сведоштво, 63.*

„Секој од нас мора сам да го побара Господа. Оние кои во минатото имале само површно верско искуство, нека пристапат поблиску до Бога“. – *9 Сведоштво, 216.*

Петок 26. април

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кои се плодовите на вистинското искуство на преобразување?**
2. **Како можам да знам дали сум подготвен да се сретнам со Господа ако умрам вечерва?**
3. **Дали има некој брат или сестра во црквата што не ми се допаѓа? Ако да, зошто е тоа така? Дали причината за моето чувство може да биде скриена љубомора или завист?**
4. **Колку често би било препорачливо лично да ја проучувам Библијата?**
5. **Опишете ја разликата помеѓу растењето во Христа и стагнирањето.**

## Дар во првата сабота за светските мисии



Небото негодува заради немарноста која се манифестира кон човечките души. Дали сакаме да знаеме како Христос гледа на тоа? Што би чувствувале таткото и мајката кога би знаеле дека нивното дете се изгубило во студ и снег и дека било одминато и оставено да пропадне од оние кои можеле да го спасат?“ – *Копнежот на вековите, 825.*

Духовно гледано, кои се овие деца „изгубени во студот и снегот“?

„Милиони и милиони човечки души, подготвени да пропаднат во оковите на незнаење и грев, никогаш не ни слушнале за Христовата љубов кон нив. Кога ние би се нашле во нивна положба, а тие во наша, што би сакале тие да направат за нас? Наша свечена обврска е да го правиме сето тоа за нив колку што е во наша моќ“. – *Копнежот на вековите, 640.*

„Светлината на вистината треба да свети на секое место, за да можат душите кои се во темнината на незнаењето да се разбудат и да се обратат. Во сите земји и градови треба да се објавува евангелието“. - *Evangelism, p. 19.*

„Но како да Го повикаат Оној во Кого не поверувале? Како, пак, да поверуваат во Оној за Кого не слушнале? А како да слушнат, ако нема кој да проповеда?“ (Римјаните 10,14).

Сега ни е потребна глобална евангелизација, додека вратите сѐ уште се отворени. Навистина, во овој час можеме да го слушнеме ехото на Исусовите зборови: „Јас треба да ги вршам делата на Оној што Ме прати додека е уште ден; зашто настапува ноќ кога не ќе може никој да работи“ (Јован 9:4,5).

Не секој може лично да оди секаде каде што пораката треба да стигне на оваа мрачна планета. Сепак, за да се рашири оваа порака насекаде, тоа бара нешто од сите нас: време, грижа, сила и пари треба сесрдно да се вложат во оваа работа додека целата земја не биде осветлена од Божјата слава. Вашата верна дарежливост кон светските мисии може да направи огромна разлика*!*

***Вашите браќа од Генералната Конференција***

# Живи камења

**„Вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос“ (1 Петрово 2:5).**

„Оние кои ја разбираат вистината за ова време мора да внимаваат како слушаат, како градат и како другите ги поучуваат во пракса“. – *Selected Messages, bk. 3, p. 22.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *The Spirit of Prophecy, vol. 2, pp. 272–274.*

Недела 28. април

## 1. ИЛУСТРАЦИИ ОД МИНАТОТО

**а. Осврнувајќи се на пророштвото на Исаија (Исаија 28:16), како Петар го претставил Исуса Христа? 1 Петрово 2:4,6.**

________________________________________________________________________

**б. На кој историски настан се заснова оваа илустрација? 1 Петрово 2:7.**

„При изградбата на Соломоновиот храм, камењата биле целосно подготвени во каменоломот, така што кога биле донесени... работниците требало само да ги постават на нивно место...

Ниту една алатка не требаше да се употреби на камењата кога биле донесени на градилиштето. Од каменоломот беше донесен камен со неправилна форма за да се користи во темелите на храмот. Но работниците не можеа да најдат место за него... Лежеше неискористен, а работниците го заобиколувале или се сопнувале, многу иритирани од неговото присуство. Тој долго време остана отфрлен камен. Но, кога градителите дојдоа до поставувањето на камен-темелникот, залудно бараа камен со доволна големина и сила... за да ја издржи големата тежина што ќе биде поставена врз него. Доколку направат неразумен избор на камен за ова важно место, би била загрозена безбедноста на целата зграда...

Вниманието на градителите конечно го привлече овој голем камен и тие внимателно го испитаа. Веќе ги помина сите тестови... Каменот беше прифатен, поставен на неговото назначено место и се покажа дека точно одговара“. – *The Spirit of Prophecy, vol. 3, pp. 36, 37.*

## 2. ГЛАВЕН КАМЕН ТЕМЕЛНИК

**а. Иако Исус го нарекол Симон „Кифа“, што значи „камен“ (види Јован 1:42; Матеј 16:18,19), зошто Петар не можел да биде „каменот“ на кој Христос ја изградил својата црква? Матеј 26:73,74; Галатјаните 2:11-13.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Петар секогаш бил брз и подготвен на акција, смел и бескомпромисен; и Христос во него гледал особини кои можат да бидат од голема вредност за црквата“. – *4 Сведоштво, 488.*

„Петар не бил карпата на која е втемелена црквата. Портите на пеколот го надвладеале, кога со клетви и пцовки се откажал од својот Господ. Црквата е изградена врз Оној, Кого портите на пеколот не можеле да го надвладеат“. – *Копнежот на вековите, 412.*

„Христос не зборувал за Петар како камен на кој ќе ја изгради Својата црква. Изразот што го употребил, ’на тој камен’, се однесува на Него како темел на христијанската црква. Во Исаија 28:16 ја наоѓаме истата изјава... Ова е истиот камен за кој се зборува во Лука 20:17,18... Исто така во Марко 12:10,11...

Овие текстови убедливо докажуваат дека Христос е карпата на која е изградена црквата“. – *The Spirit of Prophecy, vol. 2, pp. 272, 273.*

**б. Наведете докази дека наместо да биде темел на црквата, Петар бил еден од многуте браќа кои имаа водечки позиции. Галатјаните 2:9; 1 Петрово 5:1; Ефесјаните 2:20,21.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Јаков претседавал со соборот (види Дела 15 поглавје) и неговата конечна одлука гласела: ’Затоа јас мислам дека не треба да им прават мачнотии на незнабошците’...

Овој пример го побива и тврдењето на Римокатоличката црква дека Петар бил глава на црквата… Во животот на Петар нема ништо со што би се докажало дека тој бил издигнат над своите браќа, како заменик на Севишниот“. – *Делата на апостолите, 194,195.*

**в. За кого Петар сметал дека е единствената цврста карпа и вистински темел на црквата? 1 Петрово 2:3-6.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

## 3. КАМЕН ЗА СОПНУВАЊЕ

**а. Наведете една особина што му се припишува на Исус и како таа е поврзана со евангелската порака за грешниците. 1 Петрово 2:4 (прв дел), 7.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Како што зборот на животот се изговара, со својот срдечен одѕив посведочите дека веста сте ја примиле како да доаѓа од небото. Знам дека тоа е многу застарено, но тоа ќе биде благодарна жртва на Бога за лебот на животот, подарен на гладната душа. Тој одѕив со вдахновение на Светиот Дух ќе пружи сила на вашата сопствена душа и ќе биде охрабрување за другите. Тој ќе претставува доказ дека во Божјата градба постојат живи камења кои отсјајуваат со светлина“. *– 6 Сведоштво, 367.*

**б. Од каде знаеме дека дури и оние што се запознаени со сегашната вистина се во опасност „да се сопнат на зборот“? Римјаните 9:31-33; 1 Петрово 2:8.**

„Господ во Својата голема милост испратил најскапоцена порака до Својот народ преку старешините Вагонер и Џонс (на Генералната конференција на АСД одржана во Минеаполис во 1888 година). Оваа порака требаше поживо да му го претстави на светот возвишениот Спасител, жртвата за гревовите на целиот свет. Тоа претставува оправдување со вера во Гарантот; ги повикува луѓето да ја прифатат Христовата праведност, која се покажува во послушноста кон сите Божји заповеди. Многумина го изгубиле Исуса од вид. Тие требаше да го насочат својот поглед кон Неговата божествена личност, Неговите заслуги и Неговата постојана љубов”. *– Testimonies to Ministers, pp. 91, 92.*

„Некои од нив негуваат омраза против луѓето на кои Бог им наредил да му пренесат посебна порака на светот. Тие ја започнаа оваа сатанска работа во Минеаполис. Потоа, кога го видоа и почувствуваа покажувањето на Светиот Дух кој сведочи дека пораката е од Бога, тие уште повеќе ја мразеа, бидејќи тоа беше сведоштво против нив. Тие не сакаа да ги понижат своите срца за да се покаат”. *– Testimonies to Ministers, pp. 79, 80.*

„Покажано ми е дека Божјиот народ се наоѓа во многу неповолна положба...народот се одвојува од Него и станува млак. Како народ, адвентистите ја имаат теоријата на вистината, но им недостасува нејзината спасоносна сила”. *– 1 Сведоштво, 210.*

„Пораката до црквата во Лаодикија може да се примени на нашата состојба. Колку јасно е прикажана состојбата на оние кои мислат дека ја имаат вистината, кои се гордеат со своето спознание за Божјото слово, додека нејзината посветувачка сила не се почувствувала во нивните животи!”. *– Faith and Works, pp. 82, 83.*

## 4. ДА БИДЕМЕ ЖИВИ КАМЕЊА

**а. Како Петар го прикажува христијанскиот раст? 1 Петрово 2:5.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

**б. Што значи да се биде „жив камен“ во Божјиот духовен дом? Ефесјаните 4:13,15,16. Споредете го ова со Откровение 3:1 (последен дел), 2.**

____________________________________________________________________

„Сега мораме да работиме со овие луѓе кои се навистина интелигентни... Да ги однесеме, ако е можно, овие груби камења во Божјата работилница, каде што ќе бидат издлабени и израмнети, и ќе се отстранат сите груби рабови, и тие ќе бидат полирани од божествената рака додека не станат скапоцени камења во Божјиот храм и нè станат живи камења кои зрачат светлина. Така тие можат да израснат во свет храм за Бога“. – *Evangelism, p. 573.*

„Господ нема да прифати бездушна служба, низа церемонии кои се навистина без Христа. Неговите деца мора да бидат живи камења во Божјата зграда. Кога сите безрезервно би му се предале на Бога, кога би престанале да прават планови за забави, излети и дружење со оние кои само бараат задоволства, кога би ги проучувале зборовите... тие никогаш не би почувствувале глад или жед за возбуда или промени. Ако сакаме нашиот вистински интерес да биде духовен и ако спасението на нашиот народ зависи од тоа колку добро сме наѕидани на Вечната Карпа, зарем не би било подобро да се занимаваме со барање на она што ќе ја држи целата зграда на главниот камен-темелник, за да не бидеме збунети и непостојани во нашата вера?“. – *Fundamentals of Christian Education, pp. 461, 462.*

**в. Која е најдобрата „духовна жртва“ што можеме да ја принесеме на Бога? 1 Петрово 2:5 (последен дел); Псалм 51:17; 1 Самуилова 15:22 (втор дел).**

„Прилозите и жртвите паленици во старозаветниот период не биле прифатливи за Бога ако не биле принесени во вистински дух. ’Зар сепалениците и приносите повеќе Му се пријатни на Господ’, вели Самоил, ’отколку послушноста на гласот Господов’. Послушноста е подобра од жртвата, и покорувањето – подобро отколку овнешкото месо’. Божјиот благослов не може да се купи за никакви пари на овој свет ниту со пари може да се стекне било каква победа над гревот.

Многумина се подготвени на секаква друга жртва само не на она што се бара од нив, а тоа е да се откажат од себеси и својата волја да ја потчинат на Божјата волја“. – *4 Сведоштво, 84.*

Четврток 2. мај

## 5. ДАЛИ СМЕ ТОА ШТО ТВРДИМЕ ДЕКА СМЕ?

**а. Кои зборови од Библијата гордо ги применуваме на себе? 1 Петрово 2:9 (прв дел), 10.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Само за која категорија на луѓе можат да се применат горенаведените зборови од 1 Петрово 2:9? 1 Петрово 2:5,9 (последен дел); Матеј 5:16; Римјаните 2:28,29.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Оној чиј ум е просветлен од разбирањето на Божјото Слово, ќе ја сфати својата одговорност и кон Бога и кон светот и ќе почувствува дека неговите таленти мора да се развијат на начин кој дава најдобри резултати; зашто на тој начин тој најдобро придонесува за славата на Оној што го повикал ʼод темнина во Својата чудесна светлина’ (1 Петрово 2:9). Како што расте во благодатта и во познавањето на Господ Исус Христос, тој ќе ги согледа своите недостатоци, ќе го чувствува своето вистинско незнаење и постојано ќе се труди да ги зачува и користи своите умствени способности, за да стане просветлен христијанин”. – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 37.*

„Бог има народ кој нема да го прими жигот на ѕверот на десната рака или на своето чело. Бог на Својот народ му наменил улога на оваа земја - да рефлектира светлина“. – *The Review and Herald, April 15, 1890.*

Петок 3. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да бидам сигурен дека градам на Исус наместо на моите идеи?**
2. **Христос во Петар видел особини кои би биле од голема вредност за црквата. Што можам да направам за да ја подобрам мојата црква?**
3. **Како можам да бидам во опасност да ги сметам моите години поминати во верна служба за црквата или мојот напредок во различни аспекти на реформацијата како заслуга за спасение?**
4. **Што може да ме направи вистински „жив камен“ во Божјиот храм?**
5. **Која е разликата помеѓу светиот, „посебен“ христијанин за разлика од оној кој едноставно само се повикува на тоа име?**

# Сведоштво за светот

**„Зашто, таква е волјата Божја, - со добротворство да го замолкнуваме незнаењето на безумните луѓе“ (1 Петрово 2:15).**

„Христовата круна мора да се издигне над било каква власт на земните силници”. – *Делата на апостолите, 68.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *1 Сведоштво, 358–361.*

Недела 5. мај

## 1. ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОНА ШТО ВОЈУВА ПРОТИВ ДУШАТА

**а. Која е една од најважните, а сепак најпредизвикувачките битки за секој придојденец? 1 Петрово 2:11; 1 Јованово 2:15,16.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Апостол Петар, сфаќајќи ја поврзаноста меѓу умот и телото го подигнал својот глас, предупредувајќи ги своите браќа: ’Возљубени, ве молам, како придојдени така и гости, да се пазите од телесните желби, што војуваат против душата’. (1 Петрово 2:11) Многумина сметаа дека овој текст предупредува само против развратот, меѓутоа тој има пошироко значење. Тој забранува секакво штетно попуштање на апетитот или страстите. Секоја изопачена желба за јадење станува желба која војува против душата. Апетитот ни е даден за добро, а не за тоа да стане слуга на смртта, станувајќи изопачен, дегенерирајќи се на тој начин во „желба која војува против душата”...

Доколку силата за попуштање на апетитот била толку несовладлива за човештвото, така што со цел за да го скрши нејзиното упориште, Синот Божји, во полза на човекот, морал да издржи пост од скоро шест седмици, какво ли дело тогаш лежи пред христијанинот! Сепак, колку и да е голема борбата, тој може да победи. Со помош на таа божествена сила... така и христијанинот може да биде целосно успешен во борбата со злото, и на крајот ќе може да го носи победничкиот венец во Божјото царство“. – *Совети за животот и исхраната, 166,167.*

## 2. ПРОПОВЕДАЊЕ ПРЕКУ ДОБРИ ДЕЛА

**а. Зошто сите вистински христијани се доживуваат како странци, па дури и како непријатели на овој свет? 1 Петрово 2:12; 1 Коринтјаните 1:18,23; 2:14.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Меѓу неговите слушатели од еврејско потекло се наоѓале мнозина кои ќе ги разлути пораката што планирал да ја објави. Според мислењето на Грците, неговите зборови ќе бидат бесмислица и безумие. Сите ќе го сметаат за малоумен кога ќе се обиде да докажува дека крстот може да има некаква врска со издигнувањето на човечкиот род или со спасението на човештвото.

Но за Павле крстот бил предмет на највозвишена почит“. – *Делата на апостолите, 245.*

„Духот на денешниот свет, не е во поголема хармонија со Христовиот Дух отколку во поранешните времиња. Оние кои денеска го проповедаат Божјото слово во неговата чистота, нема да бидат примени со поголема наклоност отколку во поранешните времиња. Формите на спротивставувањето на вистината можат да се променат, непријателството може да биде помалку отворено, бидејќи е посуптилно; но истиот антагонизам сè уште постои и ќе се манифестира до крајот на времето“. – *Големата борба, 144.*

**б. На што посочува апостол Петар како најдобар метод во проповедањето на евангелието и справувањето со „незнаењето на неразумните луѓе“? 1 Петрово 2:12,15.**

„Нашите проповедници и учители треба да ја претставуваат Божјата љубов на овој паднат свет. Додека зборувате, вашите срца нека бидат трогнати со нежност. Со сите заблудени постапувајте со Христова благост. Немојте веднаш да ги критикувате, прекорувате и осудувате оние за кои работите, а кои не се во состојба веднаш да ја сфатат вистината. Имајте на ум дека треба да го прикажете Христа во Неговата кротост, благост и љубов. Ние мораме да очекуваме средба со неверство и спротивставување. Вистината секогаш морала да се сретнува со тие елементи. Но, дури и да наидете на најтешкото спротивставување, не ги осудувајте своите противници…

Морате благо да постапувате со оние што се во заблуда. Зашто не бевте ли и вие до неодамна во слепило поради своите гревови? И зар не треба и вие да бидете трпеливи кон другите, како што и Христос бил трпелив кон вас? Бог ни дал многу совети да покажуваме голема љубезност кон оние кои ни се спротивставуваат, за да некако не извршиме влијание на некоја душа во погрешна насока“. – *6 Сведоштво, 120,121.*

## 3. ХРИСТИЈАНСКА ПОКОРНОСТ

**а. Објаснете го ставот што треба да го имаме кон граѓанските власти и кон законите на државата. 1 Петрово 2:13-17.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Апостолот јасно изложил каков став треба да заземат верниците кон граѓанските власти: ’И така, покорувајте се на секоја човечка власт“ – *Делата на апостолите, 522.*

**б. Наведи примери за тоа што треба да се прави во случаи кога законот на државата доаѓа во судир со Божјиот закон - и со каков став тоа треба да се прави. Дела 5:29; Излез 1:15-17; Даниел 6:7-10,21,22.**

____________________________________________________________________________

„Според она што ми е покажано, наша должност е во сѐ да се покоруваме на законите на својата земја, освен кога тоа е во спротивност со повисоките заповеди што Бог ги изговорил со јасен глас од планината Синај“ (Откровение 2:2). – *1 Сведоштво, 361.*

„Од нас не се бара да им пркосиме на оние што имаат некоја власт. Нашите зборови, изговорени или напишани, мора да бидат внимателно одмерени за да не... се тврди дека сме противници на законот и поредокот. Не смееме да зборуваме и да правиме ништо што без потреба би ни го затворило патот. Наша должност е да одиме напред во Христово име, проповедајќи ја вистината што ни е доверена. Ако луѓето ни забрануваат да го извршуваме тоа дело, тогаш можеме да кажеме, како што кажале и апостолите. – *Делата на апостолите, 69.*

„Оние, кај кои Божјиот закон е запишан во нивното срце, со поголемо задоволство ќе Му се покоруваат на Бог, отколку на луѓето... Мудроста и меродавноста на Божјиот закон е над сѐ друго.

Покажано ми е дека припадниците на Божјиот народ, кои претставуваат Негово посебно богатство, не можат да учествуваат во оваа кобна војна (Американската граѓанска војна, 1861-1865), бидејќи тоа е во спротивност со сите начела на нивната вера. Тие за време на својата служба во војската не можат во исто време да се покоруваат на вистината и на наредбите на своите претпоставени. Тие во тој случај би морале постојано да ја газат својата совест. – *1 Сведоштво, 361.*

**в. Ако сме „слуги“ на нашето работно место, какви работници треба да бидеме? 1 Петрово 2:18; Колошаните 3:23.**

„И наједноставната работа претставува одредена вештина, и кога секој би гледал на работата така, би видел дека таа го облагородува човекот. – *Fundamentals of Christian Education, p. 315.*

## 4. НЕПРАВЕДНО СТРАДАЊЕ

**а. Каков треба да биде нашиот став кон оние кои нѐ малтретираат, навредуваат, презираат или исмејуваат? 1 Петрово 2:19,20; Римјаните 12:19-21.**

___

___

„Не смееме да дозволиме нашиот дух да се вознемири или возбуди за сѐ што можеби ќе ни згрешат. Нашето „Јас“ е непријател од кој треба најмногу да се плашиме. Ниту еден порок нема толку погубно влијание врз карактерот како човечките страсти што не се под контрола на Светиот Дух. Ниту една победа што можеме да ја освоиме, нема да биде толку скапоцена, како победата над себеси.

Не смееме да дозволиме нашите чувства да бидат лесно повредени. Треба да живееме, не за да ги чуваме сопствените чувства или угледот, туку за да спасуваме души...

Без оглед што другите можеби мислат за нас или ни прават, тоа не смее да го попречи нашето единство со Христа...

Не враќајте зло за зло. Колку што можете, отстранете ги сите причини за недоразбирање. Избегнувајте го изгледот на злото. Направете сѐ што е во ваша моќ, без да ги жртвувате принципите, да бидете во мир со другите...

Ако некој ви зборува со повишен глас, никогаш не одговарајте со истиот Дух“. – *Здравје и среќа, 485,486.*

**б. Зошто Бог дозволува да страдаме од рацете на суровите и зли луѓе? Матеј 5:11,12,43-48.**

___

„Таинственото провидение кое дозволува праведните да бидат прогонувани од рацете на безбожниците било причина за голема збунетост кај мнозина слаби во верата. Некои дури се готови да ја отфрлат својата доверба во Бога, затоа што Тој дозволува најлошите луѓе да напредуваат, додека најдобрите и најчесните да страдаат измачувани од нивната свирепа сила. Често се поставува прашањето: „Како Оној, Кој е праведен и милостив, и покрај тоа што уште е и неограничен во моќта, може да трпи таква неправда и угнетување?” Не е наше да дадеме одговор на тоа прашање. Бог нам ни дал доволно докази за Својата љубов, и не смееме да се сомневаме во Неговата добрина затоа што не сме во состојба да ја сфатиме целта на Неговото провидение...

(Господ) не ги заборава и занемарува Своите деца, но Тој им дозволува на грешните луѓе да го откријат својот вистински карактер, па ниеден од оние коишто сакаат да ја исполнуваат Неговата волја да не остане во заблуда во врска со карактерот на таквите. Освен тоа, праведните мора да поминат низ неволји за да се исчистат”—*Големата борба, 47,48.*

Четврток 9. мај

## 5. СЛЕДЕТЕ ГО ПРИМЕРОТ

**а. Откако ги охрабрил христијаните радосно да се соочат со неволјите и прогонствата, што наведува Петар како најсилен аргумент за тоа? 1 Петрово 2:21-24.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Исус поради нас поднел многу повеќе отколку што би можел макар еден од Неговите следбеници да пострада од свирепоста на безбожните луѓе. Оние што се повикани да претрпат маки и маченичка смрт, ги следат само чекорите на Божјиот драг Син“. – *Големата борба, 47.*

**б. Каква охрабрувачка илустрација дава апостолот на крајот од своите размислувања за тоа како да се соочиме со неволјите? 1 Петрово 2:25; Јован 10:11.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Христос ни е прикажан како Оној Кој трага и ја бара изгубената овца. Неговата љубов нè опкружува и нè води назад во стадото. Неговата љубов ни дава привилегија да седиме со Него на небесните места“. – *6 Сведоштво, 479.*

„Нашите работници - проповедници, учители, лекари и директори - сите треба да запомнат дека се обврзани да соработуваат со Христос... Тие треба да негуваат постојано чувство за љубовта на Спасителот, за Неговата делотворност, Неговата будност, Неговата нежност. Тие треба да гледаат на Него како на пастир и епископ на нивните души. Тогаш ќе имаат сочувство и поддршка од небесните ангели. Христос ќе биде нивна радост и венец на славата. Нивните срца ќе бидат под постојана контрола на Светиот Дух и тие ќе имаат знаење за вистината што таканаречените верници никогаш не можат да го добијат“. – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 284.*

Петок 10. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како да бидам избавен од ропство на апетитот и страстите?**
2. **Што ќе го направи мојот живот живо сведоштво за моќта на евангелието?**
3. **Кои се некои од начините на кои можам подобро да покажам послушност кон властите?**
4. **Кога ќе ме обвинат лажно, па дури и ќе викаат на мене, каков треба да биде мојот одговор?**
5. **Што ќе ме направи навистина подготвен да страдам за Христа?**

# Апел до мажите и жените

**„Кога ќе го видат вашиот чист и богобојазлив живот“ (1 Петрово 3:2).**

„Домот е премногу свето место за да се валка со вулгарност, сензуалност и осудување. Има Сведок кој објавува: ’Ги знам твоите дела’. Љубовта, вистината, љубезноста и издржливоста нека бидат растенија кои ќе се одгледуваат во градината на срцето”. – *Ум, карактер и личност, 157*.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Адвентен дом, 99-112, 177-180.*

Недела 12. мај

## 1. БИБЛИСКА ДОБЛЕСТ КОЈА ЧЕСТО ЈА ЗАБОРАВАМЕ

**а. Кој важен принцип за семејна среќа честопати го отфрлаат жените денес? 1 Петрово 3:1 (прв дел); Ефесјаните 5:22-24; Колосјаните 3:18.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Сестро, што очекуваше од сопругот кога се омажи за него? Дали очекувавте да ги преземете уздите на власта во свои раце и да ја усогласите неговата волја со таа ваша изопачена, тврдоглава волја? Колку одмор, задоволство, мир и радост чувствуваше вашиот сопруг во брачниот живот? Многу малку... Сопругата не смее да се смета себеси за кукла која треба да се негува, туку за жена, која ќе го стави своето рамо под вистинските, а не замислените товари и која ќе биде разумна и внимателна во својот живот, сфаќајќи дека треба да се грижи и за други работи, не само за себе.

Дали мислиш дека твојот сопруг не е разочаран што те гледа онака како што Бог ми покажа дека си? Дали тој се ожени со тебе мислејќи дека нема да носиш никаков товар, да не делиш тешкотии, да не покажуваш самопожртвуваност? Дали мислеше дека нема да чувствуваш обврска да го контролираш своето „јас“, да бидеш весела, љубезна и трпелива и да практикуваш здрав разум?“. – *Manuscript Releases, vol. 17, pp. 310, 311.*

**б. Кој е најефикасниот начин за преобратената жена да допре до својот неверен сопруг? 1 Петрово 3:1,2; 1 Коринтјаните 7:10,13,14.**

## 2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ХАРМОНИЧЕН ОДНОС

**а. Кој библиски пример го користел Петар како модел на односот помеѓу жената и нејзиниот сопруг? 1 Петрово 3:4-6. Објаснете ја рамнотежата пронајдена во оваа врска. Создавање 21:9-12.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Упатството дадено на Аврама во врска со неприкосновеноста на брачниот завет претставува поука за сите времиња. Со тоа му било објаснето дека правото и среќата на таа заедница мора да се пазат дури и по цена на големи жртви. Сара била Аврамова единствена вистинска сопруга. Ниту едно друго лице не можело да бара со неа да го дели правото на жена и мајка. Таа го почитувала својот маж и како таква во Новиот завет се споменува како достоен пример. Таа не се согласувала со тоа Аврамовата љубов да биде посветена и на друга жена, и Господ не ја прекорил поради тоа што барала соперничката да се истера“. – *Патријарси и пророци, 147.*

**б. Што премногу често го прави сопругот несреќен во кругот на семејството и му штети на неговиот углед во општеството? Изреки 14:1; 25:24; 27:15. Спореди со 1 Петрово 3:4.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Многу сопрузи и деца кои во својот дом не наоѓаат ништо што ги привлекува, кои секогаш се дочекани со префрлање и навреди, бараат удобност и разонода надвор од домот... Сопругата и мајката, окупирана со домашните работи, често заборава на малите љубезности, кои би го направиле домот попривлечен за таткото и децата, дури и тогаш кога избегнува да ги истакне своите маки и тешкотии во нивно присуство. Додека е зафатена со подготвување на храна и облека, сопругот и синовите како странци влегуваат и излегуваат од домот.

Домаќинката може да ги извршува своите надворешни должности со голема точност, но таа може и постојано да се жали на ропството на кое е осудена и да ги преувеличува своите одговорности и немоќ, споредувајќи ја својата судбина со она што мисли дека е подобар живот на една жена... Во беспомошниот копнеж за поинаков живот, таа негува грешно незадоволство, а својот дом го прави непријатно место и за себе и за сопругот и децата. – *Адвентен дом, 249.*

„Сопругата на проповедникот, која не му е посветена на Бог, не му помага на својот сопруг. Додека тој се задржува на неопходноста од носење на крстот и ја поттикнува важноста на самоодрекувањето, секојдневниот пример на неговата сопруга честопати противречи на неговото проповедање и ја уништува неговата сила“. – *Gospel Workers, p. 210. [1892 edition.].*

## 3. ОПАСНИ ОБЛИЦИ НА ГОРДОСТ

**а. Како една христијанска сопруга се чини себеси привлечна? Изреки 31:25-29.**

______________________________________________________________________

„(Жената) треба свесно да се труди со сите свои сили да го привлече кон себе својот сопруг во најстрога верност кон него и да се труди својот дом да го направи радосен и привлечен". – *5 Сведоштво, 598.*

„Нередот, невнимателноста и недостатокот од чистота и уредност го навредуваат Бога. Овие недостатоци се сериозно зло, кое се заканува да ја помати љубовта на сопругот кон сопругата, во случај кога тој сака ред... Сопругата и мајката не може да го направи домот пријатен и среќен, доколку не поседува љубов кон редот, не го чува своето достоинство и не е добар управувач со домот. Затоа сите кои го немаат ова, треба веднаш да почнат да се едуцираат во оваа насока". – *Адвентен дом, 22,23.*

**б. Кого една необратената жена често се обидува да привлече - и какви се последиците? Изреки 7:6,7,10,18,19; 2 Царевите 9:30; Исаија 3:16-26.**

______________________________________________________________________

„Ќе има жени кои ќе бидат искушувачи, кои ќе дадат сè од себе за да ги привлечат мажите и да го придобијат нивното внимание". – *The Review and Herald, May 17, 1887.*

„Упадливата и екстравагантна облека премногу често ја поттикнува страста во срцето на оној што ја носи и ги буди пониските страсти во срцето на гледачот. Бог гледа дека на уништувањето на карактерот често му претходи уживањето во гордоста и суетноста во облекувањето". – *Совети за детето, 416.*

**в. Иако повеќето христијанки можеби не се обидуваат намерно да ги намамат мажите да извршат прељуба, на кој облик на гордост се предупредуваат сите? 1 Петрово 3:3; 1 Тимотеј 2:9.**

„Но за тебе и за твојот сопруг ништо не претставуваше таква пречка како вашата гордост. Вие двајцата сакате раскош. За тоа нема место во добрата, понизна вера". – *2 Сведоштво, 493.*

„Библијата учи за скромност во облекувањето... Ова забранува облекување за покажување, светкави бои и прекумерни украси. Сето она што е дизајнирано да привлече внимание или восхит на носителот е исклучено од скромното облекување пропишано од Божјата реч.

Самоодрекувањето во облекувањето е дел од нашата христијанска должност. Едноставното облекување, воздржување од накит или сите видови украсни елементи е во согласност со нашата вера". – *Совети за детето, 423.*

# 4. ДОЛЖНОСТА НА СОПРУГОТ

**а. Откако им се обратил на сопругите, какво сериозно предупредување им дава Петар на сопрузите - и каква е духовната последица од игнорирањето? 1 Петрово 3:7.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Сопругот треба да ѝ помогне на својата сопруга со своето сочувство и непрекината наклонетост. Ако сака да ја одржува свежа и радосна, за да биде како сонце во домот, нека ѝ помогне во носењето на нејзините товари. Неговата љубезност и учтивост за неа ќе бидат скапоцено охрабрување, а среќата што и ја дава ќе донесе радост и мир во неговото срце“. – *Адвентен дом, 218.*

**б. Наведи пример како необратен сопруг може да и го загорчи животот на својата сопруга. 1 Самуилова 25:3,14,17,23-25.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Ако сопругот е суров, полн со барања и подготвен да ги критикува постапките на својата сопруга, тој не може да го очекува нејзиното почитување и наклонетост, затоа што бракот за неа станал товар. Таа нема да го сака својот сопруг, затоа што тој не се обидува да стане таков за да може таа да го засака. Сопрузите треба да бидат грижливи, внимателни, постојани, верни и сочувствителни. Тие треба да покажат љубов и сочувство... Кога сопругот има благороден карактер, чисто срце, возвишен ум, што треба да биде особина на секој христијанин, тоа ќе се види и во брачниот живот... Тој ќе се труди сопругата да биде здрава и храбра. Ќе настојува да упати зборови на утеха и да создаде атмосфера на мир во домот. – *Адвентен дом, 228.*

**в. Каков треба да биде ставот на вистинскиот христијански сопруг кон својата сопруга што ќе ја инспирира позитивно да одговори? Ефесјаните 5:25,28,33; Колосјаните 3:19.**

„Сопрузите треба да го проучат Моделот и да се обидат да го разберат значењето на симболот претставен во Ефесјаните... Мажот треба да биде како Спасител во своето семејство. Дали тој ќе застане во својата благородна, од Бога дадена машкост, и секогаш ќе се труди да ги воздигне сопругата и децата?... Секој сопруг и татко нека се труди да ги разбере Христовите зборови, но не еднострано, задржувајќи се само со потчинувањето на жената на мажот, туку во светлината на крстот на Голгота да ја проучува сопствената положба во кругот на семејството“. – *Manuscript Releases, vol. 21, p. 216.*

Четврток 16. мај

## 5. БЕЗ „ГОСПОДАР“ ВО ХРИСТИЈАНСКОТО СЕМЕЈСТВО

**а. Колку треба да биде близок односот помеѓу мажот и жената? Создавање 2:23,24; Матеј 19:4-6.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Ниту жената ниту мажот не смеат да тежнеат кон владеење. Господ дал начела кои во тоа треба да се почитуваат. Сопругот треба да ја сака својата сопруга исто како што Христос ја сака Црквата. А сопругата треба да го почитува и сака својот сопруг. Двајцата треба да го негуваат духот на љубезноста; тие треба да бидат одлучни никогаш меѓусебно да не се разжалостат ниту да се повредат“. *– Адвентен дом, 106,107.*

„Мораме да го имаме Божјиот Дух, инаку никогаш нема да живееме усогласено во домот. Ако го има Христовиот дух, сопругата ќе внимава на своите зборови; таа управува со својот дух, ќе биде покорна, а сепак нема да смета дека е робинка туку пријател на својот сопруг. Ако сопругот е Божји слуга, тој нема да господари над својата жена; тој нема да биде себичен и строг. Ако сме притиснати со грижи, не можеме да негуваме дух на семејна љубов, затоа што, ако Господовиот Дух престојува во домот тогаш е претслика на небото... Ако еден погреши, другиот ќе покаже слично трпение како Христовото и нема да се отуѓат.

Ниту мажот ниту жената не треба да се обидуваат да владеат еден над друг. Не обидувајте се да го принудувате вашиот брачен другар да се покорува на вашите желби. Ова не можете да го правите и да ја сочувате љубовта еден кон друг. Бидете љубезни, трпеливи и попустливи, чувствителни и учтиви. Со Божјата милост ќе успеете да се усреќите еден со друг, како што тоа сте ветиле во својот брачен завет“. *– Адвентен дом, 118.*

Петок 17. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како може мојот став и тонот на гласот кон мојот сопружник поконзистентно да ги одразуваат начелата што Бог јасно ги упатил?**
2. **Зошто треба побрзо да ги признаам грешките и да побарам прошка од мојот сопружник?**
3. **Зошто Бог ме повикува да бидам подготвен/волен да умрам за мојот сопружник?**
4. **Како можам да избегнам некогаш да го изневерам мојот сопружник во моите мисли?**
5. **Зошто би било мудро јас и мојот сопружник во молитва да размислиме дали можеби сме виновни за гревот на гордоста што се покажува - било во облекувањето, кулинарските вештини или имотот како што се возилата, електронските уреди, куќите итн.?**

# Ставот на христијанинот

**„А најпосле, бидете сите еднодушни, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни“ (1 Петрово 3:8).**

„Оние кои тврдат дека се Христови следбеници, а во исто време се груби, нељубезни и неучтиви во зборовите и однесувањето, не учеле од Исуса. Човекот кој се фали, кој е дрзок и кој осудува не е христијанин; да се биде христијанин значи да се биде како Христос)“. – Адвентен дом, 427.

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Адвентен дом, 421-429.*

Недела 19. мај

## 1. ОПИС НА ВИСТИНСКИОТ ХРИСТИЈАНИН

### а. Како Петар го опишува вистинскиот христијанин? 1 Петрово 3:8.

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Вредноста на убавото однесување е на премногу мала цена. Мнозина добри по срце, не покажуваат срдечност во однесувањето. Мнозина кои заслужуваат почит поради својата искреност и чесност, покажуваат жален недостиг од топлина. Овој недостиг ја расипува нивната сопствена среќа и има неповолно влијание врз нивната служба за другите.“ *– Воспитување, 240.*

### б. Кој уникатен став сличен на Христос особено го нагласува Петар? 1 Петрово 3:9; Матеј 5:44.

„Кон секого треба да се однесуваме љубезно и нежно, како кон Божји синови и ќерки.

Христијанството ќе направи воспитан господин (џентлмен) од човекот. Христос бил учтив, дури и кон оние што го прогонувале; и Неговите вистински следбеници ќе го манифестираат истиот Дух “. *– Здравје и среќа, 489.*

„Оваа религија нè учи да покажуваме трпение и долготрпеливост кога ќе се најдеме на место каде што нè третираат грубо и неправедно...

Во практикувањето на христијанската религија постојано има потреба од трпение, благост, самоодрекување и самопожртвуваност.“ *– God’s Amazing Grace, p. 248.*

## 2. ВНИМАВАЈТЕ НА ВАШИТЕ ЗБОРОВИ

**а. Кое важно начело Петар повторно го нагласува како услов за среќен живот овде, како и во идниот живот? Псалм 34:12,13; 1 Петрово 3:10.**

___

___

„Сатаната работи во секоја црква за да го уништи стадото Божјо... Наредено ми е да и кажам на секоја душа која тврди дека е следбеник на Христос: 'Чувај го својот јазик од зло, а усните да не зборуваат измама.' Сатаната се обидува да ја уништи душата преку самовозвишување, а неговото делување може да се забележи во секоја црква. Браќа и сестри мои, внимавајте на вашиот дух. Внимавајте на вашите зборови, за да не ве наведе сатаната да ја повторите неговата историја. – *The Upward Look, p. 114.*

**б. Наведете примери на луѓе кои го прекршиле ова начело и како тоа предизвикало срам и понижување, особено за оној кој изговорил такви зборови. 1 Самуилова 14:24-27,43-45; Естира 6:6-10.**

___

___

„Не дозволувајте ниту еден збор на раздразливост, грубост или страственост да избега од вашите усни. Христовата благодат го чека вашето барање. Неговиот Дух ќе ја преземе контролата над вашето срце и совест, насочувајќи ги вашите зборови и постапки. Никогаш не губете ја вашата самопочит поради избрзани, непромислени зборови. Чувајте ги вашите зборови чисти, а разговорите свети. – *Совети за детето, 219.*

**в. Како кршењето на ова начело ќе спречи многу луѓе да добијат вечен живот? 1 Петрово 3:10 (последен дел). Спореди со Откровение 14:5; 21:27.**

„Кога овие корисници на чај и кафе ќе се состанат за заедничко дружење... им се разврзуваат јазиците, па почнуваат да зборуваат против другите. И тоа не со малку и добро одбрани зборови. Мрежата на озборувањето се шири наоколу, а често и отровот на скандалот. Овие непромислени озборувачи забораваат дека имаат сведок. Невидлив набљудувач ги запишува нивните зборови во небесните книги. Сите овие нељубезни критики, претерани известувања, завидливи чувства изразени под дејството на шолја чај, Исус ги забележува како да се упатени против Него". – *Совети за животот и исхраната, 423.*

## 3. БАРАЈТЕ МИР

**а. На кои други важни начела на христијанскиот живот нè потсетува Петар? 1 Петрово 3:11; Исаија 1:16,17.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

**б. Како можеме „да избегаме од злото и да правиме добро“? Еремија 13:23. Споредете со 1 Коринтјаните 6:9-11; Јован 3:5; Јаков 4:7.**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„(Оние на кои им пишува апостол Павле) мора да ја откријат во нивните животи славната промена што ја направила во нив Христовата преобразувачка благодат... Тие не можат да ги променат своите срца. И кога, благодарение на нивните напори душите ги напуштија редовите на сатаната за да застанат на страната на Христос, тие не смеат да бараат никаква заслуга за направената промена...

Божјата сила е единствениот делотворен елемент во големото дело за стекнувањето победа над светот, телото и ѓаволот... Човекот не може да постигне ништо без Бога, а Бог толку ги уредил своите планови така што во делото на обновувањето на човечката раса Тој нема да постигне ништо без соработката на човечкото со божественото. Делот што човекот мора да го преземе е неизмерно мал, но во Божјиот план токму овој дел е потребен за работата да биде успешна.

Големата промена што се забележува во животот на грешникот по преобраќањето не е предизвикана од никаква човечка добрина“. – *God’s Amazing Grace, p. 319.*

**в. Каква надеж и ветување им се дава на оние кои се предале на преобразувачката сила на евангелието, но сè уште се победени од различни искушенија? 1 Петрово 3:12; Јован 14:13,14.**

„Со вера и со молитва сите можат да ги исполнат барањата на Библијата. Никој не може да биде присилен на престап. Прво мора да биде придобиена неговата согласност; душата копнее кон грешната постапка пред страста да завладее со разумот и пред беззаконието да ја победи совеста. Искушението, колку и да е силно, никогаш не е оправдување за гревот. ’Очите на Господ се вперени кон праведните, и ушите Негови - кон нивните молитви’ (1 Петрово 3:12). Викај кон Господа душо искушувана! Иако беспомошна и недостојна потпри се на Исуса, и барај го Неговото ветување. Господ ќе слушне. Тој знае колку се силни природните склоности на срцето и ќе ти помогне во секој момент на искушување.

Дали сте паднале во грев? Тогаш без одложување барајте од Господа милост и проштевање“. – *5 Сведоштво, 177.*

## 4. БЕСТРАШНО ПРАВИ ДОБРО

**а. Кој практичен совет од Петар, ако го следиме, може да ни помогне да решиме многу проблеми во односите? 1 Петрово 3:13; Изреки 15:1.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Зборовите кажани како одговор на лут човек обично делуваат како камшик и предизвикуваат уште поголем бес. Но, гневот дочекан со тишина брзо стивнува. Христијанинот нека го заузда својот јазик, цврсто решен да не изговара груби, нетрпеливи зборови“. – *Messages to Young People, p. 136.*

**б. Како да се однесуваме со луѓе кои се чини дека не омекнуваат без оглед на нашата нежна претпазливост кон нив? 1 Петрово 3:14,16,17.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Исус никогаш не го купувал мирот по пат на компромис... Христовите слуги се повикани на истото тоа дело и мораат да внимаваат да не се откажат од вистината во настојување да спречат неслога... Но вистинскиот мир никогаш не може да се постигне преку компромис на начелата. Исто така, никој не може да биде верен на начелото, а да не наиде на спротивставување. Децата на непокорноста се противат на христијанството кое е духовно. Меѓутоа, Исус им рекол на Своите ученици: ’Не плашете се од оние што го убиваат телото, а не можат да ја убијат душата’. Оние што му се верни на Бога не треба да се плашат од човечката моќ, ниту од непријателството на сатаната. Нивниот вечен живот е безбеден во Христа. Тие треба да се плашат од тоа да не се откажат од вистината и на тој начин да ја предадат довербата со која Бог ги почестил“. – *Копнежот на вековите, 356.*

**в. Кој е изворот на сите наши добри дела и добри зборови? 1 Петрово 3:16 (прв дел); Дела 24:16; Евреите 9:14.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Во Божјото слово читаме дека има добра и лоша совест, а фактот што твојата совест не те осудува затоа што не го почитуваш Божјиот закон не докажува дека не си осуден во Неговите очи. Доведете ја вашата совест пред Божјото слово и видете дали вашиот живот и карактер се во согласност со мерилата за праведност што Бог ги открил таму“. – *The Review and Herald, September 3, 1901.*

Четврток 23. мај

## 5. ДА ЗНАЕМЕ КАДЕ СТОИМЕ

**а. Кои се главните причини зошто треба секојдневно да ја проучуваме Божјата реч? Исус Навин 1:8; Псалм 119:11; 1 Петрово 3:15; 2. Тимотеј 2:15.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**б. Во каква голема опасност се наоѓаат многумина денес кои тврдат дека веруваат во сегашната вистина? Осија 4:6.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Дали младите се во состојба со кротост и страв да му одговорат на секого што ќе ги запраша за причините на нивната надеж? Покажано ми е дека младите, општо земено, не ја сфаќаат својата положба. Страшни сцени се токму пред нив, времето на неволја кога ќе се провери вредноста на карактерот на секој поединец“. – *1 Сведоштво, 507,508.*

„Пораката за ова време - оправдување со вера - е порака од Бога... Не сме безбедни ако занемариме секојдневно да го истражуваме Светото Писмо во потрага за светлина и знаење... Не постои еден од сто што ја разбира библиската вистина за ова прашање, која е толку неопходна за нашата сегашна и вечна благосостојба“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 359.*

„Многумина очекуваат нивните проповедници да им донесат светлина од Бога… Таквите луѓе многу губат. Кога би сакале секој ден да Го следат Христа и да Го земат за свој водач и советник, би стекнале јасно познавање на Неговата волја, а со тоа и драгоцено искуство. Токму затоа што го немаат тоа вистинско искуство, браќата кои ја исповедаат вистината одат во искрите на туѓиот факел, не го признаваат гласот на Божјиот Дух и не знаат за Неговата волја. Затоа лесно можат да се оддалечат од верата. Тие се непостојани, затоа што очекуваат други да стекнат искуство за нив“. – *2 Сведоштво, 644.*

Петок 24. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Каков е мојот однос кон мојот сопружник, децата, браќата и колегите?**
2. **Наведете неколку клучни чекори кои ќе нè зајакнат во тоа како да го контролираме јазикот.**
3. **Што треба да направам ако ме совлада искушението?**
4. **Објаснете ја разликата помеѓу добрите дела и добрите зборови кои доаѓаат од чиста совест наспроти себичните мотиви во обид да изградите добра репутација.**
5. **Како можам да стекнам подлабоко разбирање за верувањата што ги имам?**

## Дар во првата сабота за странска мисија во регионот на Пацификот




Делото на ширење на евангелската порака во овој свет е огромна задача, поради многуте души кои допрва треба да ја слушнат добрата вест за спасението. Господ вели дека „ќе биде проповедано ова Евангелие за царството по целиот свет, за сведоштво на сите народи; и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24:14). Бог го сака секој од 7,8 милијарди луѓе на овој свет и сака сите тие да добијат можност да се обратат кон Него.

Постојат многу религии во регионот на Пацификот, вклучувајќи ги таоизмот, будизмот, исламот и христијанството; сепак, повеќето жители се идентификуваат себеси како нерелигиозни или атеисти. Овде има навистина голема работа.

„Целиот свет се отвора за Евангелието. Етиопија ги подава своите раце кон Бога. Од Јапонија, Кина и Индија, од земјите на нашиот континент кои се сè уште покриени со темнина, од сите краишта на овој наш свет доаѓа крикот на срцата ранети од гревот кои бараат да Го запознаат нашиот Бог на љубовта. Милиони и милиони никогаш не слушнале за Бога или за Неговата љубов која се открила во Христа. Нивно право е да го добијат тоа знаење. Тие имаат исто право на милоста на Спасителот како и ние. На нас, кои сме го примиле ова знаење, и на нашите деца на кои ќе го пренесеме, почива одговорноста да се отповикаме на нивниот плач“. – *Воспитување, 261.*

„Иако во ширењето на пораката можеби немаме иста слобода во сите региони, вистината навистина наоѓа пат во човечките срца, и на многу места за кои тоа не го очекувате постојат мнозина кои веруваат во пораката за реформацијата. Оваа сабота ве замолуваме да се молите за ова дело, со Божја помош тоа да напредува и да подготви уште поголем број души за Неговото царство.

За вистината да напредува, потребни ни се средства за изградба на дом за молитва за да се пренесе ширењето на вистината во северниот дел на ова големо поле. Ве молиме бидете дарежливи.Во

„Како што дождот и снегот паѓаат од небото и таму не се враќаат, туку ја напојуваат земјата и ја прават способна да раѓа и да се зеленее, за да му дава семе на оној, што сее и леб за да јаде, така и Моето слово, што излегува од устата Моја, не се враќа кон Мене празно, туку го исполнува она, што Ми е угодно, и го прави она за што сум го испратил Јас“ (Исаија 55:10,11).

.

***Во име на вашите браќа и сестри од далеку***

# Крштевањето што им е потребно на сите

**„Образецот на таа вода - крштавањето, но не отстранувањето на телесната нечистотија, туку ветувањето на Бога добра совест - нѐ спасува сега и нас преку воскресението на Исус Христос“ (1 Петрово 3:21).**

„Ги молам членовите на црквата во секој град цврсто да се држат за Господ за да го примат крштевањето со Светиот Дух*”. – Counsels on Health, p. 548.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Патот кон Христа, 17-22.*

Недела 26. мај

## 1. ЕДИНСТВЕН ПАТ ДО СПАСЕНИЕТО

**а. Што рекол Петар и во своите писма и во своите проповеди за единствениот можен пат до спасение? 1 Петрово 3:18; Дела 4:10-12.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

**б. Зошто Бог во Својата милост не можел едноставно да им прости на грешниците и да ги спаси без да го жртвува Својот Син? Исаија 26:10; Римјаните 8:7. Споредете со Римјаните 5:10; Колосјаните 1:20-22.**

„Во својата безгрешна состојба, човекот одржувал радосна врска со (Бога)... Но, по сторениот грев, светоста не му причинувала повеќе радост, и тој се обидел да се скрие од Божјото присуство... Грешникот не би можел да биде среќен во Божјо присуство; нему друштвото на светите суштества би му било непријатно. И кога би му било дозволено да дојде на Небо, тоа не би му пружило никаква радост. Духот на несебичната љубов што владее таму... не би нашол одглас во неговата душа. Неговите мисли, неговите интереси, неговите побуди, би биле во расчекор со она што ги раздвижува безгрешните небесни жители. Тој би бил нескладна нота во небесната мелодија. За него небото би било место на мачење... Бог не одлучил самоволно да ги исклучи грешните од небото; тие сами се исклучуваат со својата непогодност за небесната заедница. Божјата слава за нив би била оган, кој спалува“. – *Патот кон Христа, 17,18.*

## 2. СИГУРНОСТ ПРЕКУ НЕГОВОТО ВОСКРЕСЕНИЕ

**а. Иако сме спасени преку Христовата смрт, во која смисла сме и спасени „преку воскресението на Исус Христос“? 1 Петрово 3:21 (последен дел); 1 Коринтјаните 6:14; 15:22,23; 1 Солунјаните 4:13-16.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

**б. Што објаснува Петар за тоа кој всушност ја исполнил заповедта на Отецот и го воскреснал Исус? Споредете Дела 2:22-24 со 1 Петрово 3:18.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Оној кој умре за гревовите на светот требаше да остане во гробот за одредено време. Тој беше во овој камен затвор како затвореник на божествената правда... Тој ги понесе гревовите на светот и само Неговиот Отец можеше да го ослободи“. – *The Youth's Instructor, May 2, 1901.*

„Воскреснувајќи го Христос од мртвите, Отецот го прослави својот Син пред римската стража... сатанската војска и пред небесната вселена“. – *Lift Him Up, p. 102.*

„Тогаш се слушна моќниот ангел со глас кој ја потресе земјата: ’Исусе, Сине Божји, твојот Отец те вика!’ И излезе Оној што имаше моќ да ја победи смртта и гробот“. – *The Present Truth, February 18, 1886.*

„Бог е облечен во сила; Тој е способен да ги воскресне оние што се мртви во престапи и гревови, и преку Духот кој го воскресна Исус од мртвите, да го преобрази човечкиот карактер, враќајќи ѝ го на душата изгубениот лик Божји“. – *The Youth's Instructor, February 7, 1895.*

**в. Кој ќе ги подигне сите светци во бесмртност при второто Христово доаѓање, и под кои услови тоа ќе биде возможно? Римјаните 8:9-11.**

„Смртните тела се оживуваат со Неговиот Дух кој живее во вас...

Оживувачката сила на Христовиот Дух, која живее во смртното тело, ја врзува секоја душа која верува со Исус Христос...

Давателот на животот ќе го повика Својот стекнат имот при првото воскресение... Со силата на Спасителот кој живеел во нив додека биле живи, и бидејќи биле учесници во божествената природа, тие воскреснуваат од мртвите“. – *Selected Messages, bk. 2, p. 271.*

„Христос на смртта гледа како на сон – тишина, темнина, сон. Тој за смртта зборува како да е неважна... И за сите оние кои вистински веруваат во Христа смртта е безначајна. За него смртта е само сон.

Истата сила што го воскресна Христа од мртвите ќе ја воскресне и Неговата Црква“. – *Мојот живот денес, 295.*

## 3. „СИЛА“ ВО ЕВАНГЕЛИЕТО

**а. Кого го користел Исус за да го проповеда евангелието и да му му се обрати на паднатото човештво во старозаветните времиња? 1 Петрово 3:18 (последен дел), 19,20. За да разберете кои биле „духовите во затвор“, споредете ја оваа фраза со Изреки 5:22; Исаија 42:6,7; 61:1.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Бог постојано му се обраќа на човечкото срце, повикувајќи го да ја препознае Неговата љубов и милост... Така Тој им се обраќал на луѓето во сите времиња. Во времето на Ное Христос зборувал со човечкиот род преку луѓето и им проповедал на оние кои се наоѓале во ропството на гревот“. – *This Day With God, p. 278.*

„Духот и претходно бил на овој свет. Тој делувал на срцата на луѓето од самиот почеток на делото на откупувањето“. – *Копнежот на вековите, 669.*

**б. По Неговото вознесение, кого испратил Христос за да им даде сила на учениците да го продолжат делото на евангелието? Јован 14:12,16,17; 20:21,22; Дела 1:2.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Додека Христос бил на Земјата, на учениците не им бил потребен друг помошник. Меѓутоа, кога ќе бидат лишени од Неговото присуство, тие ќе почувствуваат потреба за дарот на Светиот Дух и тогаш Тој ќе дојде.

Светиот Дух е Христов претставник, но не во човечки лик и не зависи од него. Оптоварен од човечката природа, Христос не можел лично да биде на секое место. Затоа, во нивен интерес било Тој да се врати кај Таткото и да го испрати Духот да биде негов наследник на Земјата. Тогаш никој нема да биде посебно привилегиран само поради местото во кое живее или поради својот личен допир со Христа. Со посредство на Духот, Спасителот ќе биде достапен на сите. Во таа смисла Тој ќе им биде поблизу отколку кога не би се вознел на Небото“. – *Копнежот на вековите, 669.*

**в. Кое Христово ветување треба повторно да се исполни во времето на крајот, дури и пообилно отколку во времето на апостолите? Јоил 2:28-31; Осија 6:3.**

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помала манифестација на Божјата сила од онаа што го одбележала неговиот почеток“. – *Големата борба, 611.*

## 4. КРШТЕВАЊЕ КОЕ НА СИТЕ НИ Е ПОТРЕБНО

**а. Објаснете го целосното крштевање кое е потребно за спасение. Марко 1:7,8; Јован 3:3,5.**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

„Атмосферата во црквата е толку студена... Топлината на нивната прва љубов е замрзната, и доколку не се крстат со крштевањето на Светиот Дух, нивните светилници ќе бидат отстранети од своето место, освен ако не се покајат и не ги прават своите први дела“. – *Testimonies to Ministers, pp. 167, 168.*

**б. Зошто на многу христијани им е тешко да ги одржат своите завети што ги дале при нивното крштевање со вода? Евреите 5:11,12; 6:1,2.**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

„Има мнозина што не даваат очигледни докази дека се верни на заветот направен при крштавањето. Формализмот, световните амбиции, гордоста и самољубието ја ослабнале нивната ревност“. – *9 Сведоштво, 155.*

„Работниците имаат голема потреба од крштевањето на Светиот Дух, за да можат да станат вистински мисионери за Бога!“. – *Counsels on Sabbath School Work, p. 155.*

„Нашата работа денес е да ги предадеме нашите души на Христа, за да се подготвиме за времето на освежување од лицето Господово – да се подготвиме за крштевањето со Светиот Дух“. – *Evangelism, p. 702.*

**в. Кој единствено може да ја исчисти нашата совест за нашите завети дадени при крштевање да станат вистински „одговор на добра совест кон Бога“? Споредете 1 Петрово 3:21 со Евреите 9:14; Римјаните 8:9,10.**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

„Она што ни треба е совест освежена од Божјиот Дух; зашто совеста на мнозина е затапена од уживање во гревот и неверувањето. Мораме да знаеме што е вера и да сфатиме дека мора да имаме жива врска со небесниот Бог“. – *The Signs of the Times, July 25, 1892.*

„Кој освен Светиот Дух, може на умот да му ги открие моралните стандарди за праведност и да го осведочи за гревот, и да предизвика жалост која е според Бога, која донесува покајание за кое нема потреба да се кае и да доведе до пројавување на вера во Оној кој единствено може да нѐ спаси од сите гревови?“. – *Selected Messages, bk. 3, pp. 137, 138.*

Четврток 30. мај

## 5. НАСОЧУВАЊЕ НА НАШИТЕ МИСЛИ

**а. На што уште еднаш укажува Петар насочувајќи го нашето внимание кон спасението? 1 Петрово 3:21 (последен дел), 22; Евреите 8:1.**

___

„(Господ Исус) седи од десната страна на Бога и како Бог ја прима врховната чест, славата што ја имал пред создавањето на светот. Тој Своите дарови им ги дели на сите оние кои со вера полагаат право на нив...

Ние во Богот на нашето спасение имаме неисцрпни богатства, океан на љубовта. – *That I May Know Him, p. 338.*

„Тој воскресна од гробот опкружен со облак од ангели во чудесна моќ и слава – Божеството и човечкото беа обединети. Тој го зеде во Свои раце светот, за кој сатаната тврдеше дека е негова законска територија, и со Неговото чудесно дело, давајќи го Својот живот, го врати целиот човечки род на Божјата наклонетост.

Никој да не заземе ограничено и тесноградо гледиште дека кое било човечко дело може барем малку да помогне да се отплати долгот на неговиот престап. Ова е фатална измама. Ако сакате да го разберете ова, вие мора да престанете да се пазарите околу вашите ситни идеи и да го испитате помирувањето со смирени срца. Оваа работа е толку слабо разбрана што илјадници и илјадници луѓе кои тврдат дека се Божји деца се деца на лукавиот, затоа што ќе зависат од своите дела. Бог отсекогаш барал добри дела, законот го бара тоа, но бидејќи човекот се довел себеси во грешна положба каде што неговите добри дела се безвредни, само Исусовата праведност може да помогне. Христос е во состојба да спасува до крај, затоа што Тој е секогаш жив за да посредува за нас. Сè што човек може да направи за своето спасение е да го прифати повикот... Не постои грев што човек може да го направи за кој не е платена доволна цена на Голгота. Така, крстот, упатувајќи искрени апели, постојано му нуди на грешникот целосно помирување“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 343.*

Петок 31. мај

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како можам да најдам поголема радост во разговорот и размислувањето за Исус и Неговата Реч?**
2. **Кои се доказите за делото на Светиот Дух во мене?**
3. **Што би го зголемило обемот на Светиот Дух за да ме употреби во службата?**
4. **Како можам да го доживеам крштевањето на Светиот Дух во полнота?**
5. **Што е тоа што премногу често нè тера да го изгубиме од вид Исус, а со тоа и верата?**

# Да се живее нов живот

**„Та преостанатото време на животот во телото да не го проживее веќе со човечки похоти, туку според волјата Божја“ (1 Петрово 4:2).**

„Оние кои се навистина посветени ќе го почитуваат и ќе го слушаат Божјото Слово веднаш штом ќе им биде отворено и ќе изразат силна желба да знаат што е вистина за секоја точка од доктрината”. – *Faith and Works, p. 121.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *That I May Know Him, p. 104; Пророци и цареви, 701, 702.*

Недела 2. јуни

## 1. СЕКОГАШ ОХРАБРУВАЧКА МИСЛА

**а. За што нѐ советува апостол Петар да размислуваме за да бидеме зајакнати и охрабрени кога сме изложени на многубројни искушенија и неволји? 1 Петрово 4:1; Евреите 12:3.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Можеме да ја зајакнеме нашата вера и да ја оживееме нашата љубов ако често одиме до подножјето на крстот и таму размислуваме за понижувањето на нашиот Спасител“. – *Our High Calling, p. 361.*

„Да се запрашаме: ’Што би направил нашиот Спасител кога би бил во наши околности?’... На тоа прашање Тој одговорил со Својот личен пример. Го напуштил Своето царско височество, се откажал од Својата слава, ги жртвувал сите богатства на небото и Своето божество го облекол со човечка природа, за да може да им се приближи на луѓето такви какви што се. Неговиот пример покажал дека Тој го положил Својот живот за спасение на грешниците“. – *4 Сведоштво, 79.*

„Христос беше искушуван во сѐ како што сме искушувани и ние. Нека мислат на Христа оние кои се погодени од искушенија, кои чувствуваат дека нивните пријатели ги напуштиле... сами во пустината, соочени се со искушенија потешки од сето она што ги снашло. Нека не очајуваат, нека ја испружат растреперената рака на верата за да ја фатат раката што е испружена да ги спаси. Нека ги доверат своите беспомошни души на Исус, Кој, токму затоа што поминал низ сето тоа, знае како да ги избави оние кои се искушуваат“. – *Manuscript Releases, vol. 21, p. 12.*

## 2. ПРЕКУ СТРАДАЊЕ ВО ПОБЕДА

### а. Зошто Бог намерно ни дозволува да поминеме низ страдања и неволји? 1 Петрово 4:1 (последен дел); 2 Коринтјаните 12:7-10.

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Кога Спасителот му се јави на Павле во светлите зраци на Неговата слава... Тој беше физички заслепен од славното присуство на Оној што го хулеше, но тоа беше за да добие духовен вид, за да се разбуди од летаргијата која ги умртвила и парализирала неговите сетила“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 6, p. 1058.*

„Големиот страв што ме мачеше беше дека ако го послушам повикот на должноста и тврдам дека Севишниот ми укажува чест испраќајќи ми визии и откровенија за луѓето, би можела да се препуштам на грешното воздигнување и да го навлечам на себе Божјото незадоволство и да ја изгубам сопствената душа...

Се молев сега, ако морам да одам и да го кажам она што ми го покажа Господ, да бидам сочувана од прекумерно воздигнување. Ангелот рече: Твоите молитви се слушаат и ќе бидат усвоени. Ако ти се закани тоа зло од кое се плашиш, Божјата рака ќе биде испружена да те спаси; преку страдања ќе те привлече кон Себе и ќе ја зачува твојата понизност. Верно пренеси ја пораката; издржи до крај, и ќе јадеш од плодот на дрвото на животот и ќе пиеш од водата на животот“. – *Christian Experience and Teachings of Ellen G. White, pp. 67, 68.*

### б. Иако искушуван од грешните телесни желби, која треба да биде целта на секој христијанин? 1 Петрово 4:2,15; Ефесјаните 4:17,22-24.

__________________________________________________________________

„Бог бара многу повеќе од Своите следбеници отколку што тоа мнозина си замислуваат. Ако сакаме нашата надеж за небото да не ја градиме на лажни темели, мораме да ги прифатиме зборовите на Библијата како што гласат, и да веруваме дека Господ го мисли тоа што го кажува. Тој од нас не бара ништо, а истовремено да не ни подари благодат да го направиме тоа. Ако не успееме да се издигнеме на висината што ја одредил во Својата Реч, со ништо нема да можеме да се оправдаме на Божјиот ден“. – *5 Сведоштво, 171.*

„Преобраќањето е дело што многумина не го ценат. Не е мала работа да се преобрази земниот ум кој го љуби гревот и да се наведе до ја разбере неискажливата Христова љубов... Кога (душата) ги разбира овие работи, ќе гледа на својот поранешен живот со омраза и одвратност. Таа го мрази гревот... Се откажува од своите поранешни задоволства. Има нов ум, нови чувства, нов интерес, нова волја“. – *The Faith I Live By, p. 139.*

## 3. НЕКОИ НАВИКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ СОВЛАДААТ

### а. Кои грешни желби ги спомнува Петар како вообичаени и тешки за надминување? 1 Петрово 4:3.

„**Развратност, похоти:** „Слободата која се зема во ова време на изопаченост, не треба да биде критериум за Христовите следбеници. Овие модерни прикази на блискост не треба да постојат меѓу христијаните… Ако страста, развратот, прељубата… се вообичаени помеѓу оние кои не ја знаат вистината… колку е важно оние кои се изјаснуваат дека се Христови следбеници… да стојат во целосна спротивност со оние со кои владеат груби страсти“. – *Адвентен дом, 329.*

„**Пијанство:** „Единствен начин на кој можеме да се сочуваме од силната неумереност е потполното воздржување од виното, пивото и сите жестоки пијалаци… Тој ќе ги признае како победници и нивните имиња нема да ги избрише од книгата на животот“. – *Совети за детето, 401,402.*

„**Забави, гозби**: „Таканаречените христијани кои се површни во карактерот и во верското искуство често се во рацете не искушувачите како мамка за другите. Овој вид на христијани секогаш е готов да се собере за задоволство или спорт, а нивното влијание ги привлекува другите. Младите мажи и жени кои се обидуваат да бидат библиски христијани се убедуваат да се приклучат на вакви седенки… Тие не увидуваат дека таквите забави всушност се сатанска гозба подготвена да ги спречи душите да… ја примат белата облека на карактерот која ја претставуваат Христовата праведност. Таквите стануваат збунети што е правилно за нив како христијани да прават“. – *Адвентен дом, 518.*

„Многумина кои што ја имаат прифатено здравствената реформа, го оставиле сето она што е штетно, но дали заради тоа... можат да јадат колку што им е угодно? Тие седнуваат на трпезата... му се препуштаат на апетитот и јадат претерано...

Какво влијание има тоа прекумерно внесување на храна на желудникот? Тој слабее, органите за варење ја губат својата сила и како последица доаѓа болест, со сите нејзини зла... Тие се чувствуваат лошо и им се чини дека нивните деца се многу лоши. Тие не можат смирено да разговараат со нив, ниту пак без посебна благодат да постапуваат смирено во своето семејство. Сите околу нив се погодени со нивната болест; сите треба да страдаат заради последиците на нивната слабост...

Дури и поборниците на здравствената реформа можат да згрешат во количеството на храната“. – *Совети за животот и исхраната, 135,136.*

„Гнасни идолопоклонства: „Тие не требаше да се усогласат со обичаите на незнабошците, ниту да го зачуваат сеќавањето на нивните гнасни идолопоклонства. Колку и да е скапоцен материјалот од кој се направени, колку и да се вешто изработени, сето она што се однесувало на незнабожечката служба мора да биде уништено“. – *The Signs of the Times, January 13, 1881.*

## 4. СЛИЧНИ НА ХРИСТА СЕКАДЕ И СЕКОГАШ

**а. Која е најчестата последица со која ќе се соочиме во овој живот откако ќе избереме да живееме според Божјата волја? 1 Петрово 4:4,12.**

___

„Колку повеќе се приближуваме до крајот, сатаната... ќе користи човечки агенти за да ги исмејува и клевети оние кои што го „градат ѕидот. – *Пророци и цареви, 659.*

„Со солзи (Божјиот народ) ќе ги опоменува грешниците да не го газат Божјиот закон, и со неискажана тага ќе се понизат пред Господа во покајание. Грешниците ќе се потсмеваат на нивната тага и ќе ги исмејуваат нивните сериозни опомени. Но всушност тој душевен страв и понизност е најголем доказ дека тие повторно стекнуваат сила и благородност на карактерот изгубени како резултат на гревот“. – *Пророци и цареви, 590.*

**б. Што треба да запомни секој христијанин кога е исмејан и презрен? 1 Петрово 4:5,13-16; 2 Петрово 2:12.**

___

**в. Каков треба да биде нашиот став кога нашите потсмевачи напредуваат – и, од друга страна, кога ќе им се случи нешто лошо? Како треба да се однесуваме кон сите оние што ни прават зло? 1 Петрово 4:17-19; Матеј 5:44.**

___

**г. Што треба да имаме на ум во однос на оние луѓе кои нè исмејуваат и презираат - и како можеме да ја постигнеме оваа состојба на умот? 1 Петрово 4:6; Ефесјаните 2:3-5; 2 Тимотеј 2:24-26.**

___

„Кога ќе сретнете луѓе кои... имаат предрасуди кон вистината, не бидете премногу упорни во наметнувањето на вашите ставови. На почетокот разговарајте со нив за теми за кои можете да се договорите. Клекнете со нив за да се помолите... И вие и тие ќе бидете доведени во поблизок допир со небото, предрасудите ќе ослабат и полесно ќе допрете до срцето“. – *Evangelism, p. 446.*

Четврток 6. јуни

## 5. СЕЌАВАЊЕ ВО СИТЕ СИТУАЦИИ

**а. Што треба секогаш да се сетиме, без разлика дали сме успешни, здрави и среќни или болни, тажни или поминуваме низ некои загуби? 1 Петрово 4:7.**

____________________________________________________________________________

„Ако се поведеме по нашите сомневања и стравувања, ако се обидуваме да го разрешиме сето она што ни е нејасно, додека сè уште немаме вера, нашата несигурност само ќе се продлабочи и ќе се зголеми. Но ако дојдеме кај Бога, чувствувајќи се беспомошни и зависни, какви што и навистина сме, и со вера, понизно и со доверба, ги изнесеме своите потреби пред Оној што знае сè, пред чијшто поглед не е скриено ништо на светот, Кој управува со сè со Својата волја и Своето слово, Тој ќе може и ќе сака да го прими нашиот повик и ќе стори од нашите срца да засветли светлина. Искрената молитва нè доведува во врска со умот на Бесконечниот. Можеби во тој миг нема да имаме никаков сигурен доказ дека лицето на нашиот Откупител се надвило над нас полно со сомилост и љубов; но сепак е така. Можеби нема да го почувствуваме Неговиот видлив допир, но Неговата рака е над нас со многу љубов и нежно сожалување.

Истрајноста во молитвата спаѓа како услов за примање. Ние мораме постојано да се молиме, ако сакаме да растеме во верата и искуството… Петар ги предупредува верниците да бидат ʼмудри и трезни во молитвитеʼ (1 Петрово 4:7)… Постојаната молитва е непрекината заедница на душата со Бога, така што животот од Бога тече во нашиот живот, а од нашиот живот тече чистота и светост назад кон Бога“. – *Патот кон Христа, 96-98.*

„Овие зборови на апостолот биле напишани како поука за верниците во сите векови, а имаат посебно значење и за оние што живеат во времето кога ʼкрајот на сè се приближиʼ. На секоја душа што сака да ја одржи својата вера ʼцврсто до крајʼ (Евреите 3:14), ѝ се потребни неговите поуки и опомени и неговите зборови полни со вера и храбрење“. – *Делата на апостолите, 518.*

Петок 7. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Каде треба да „одам“ со вера кога ќе се најдам во страдање и неволја - и зошто?**
2. **Со која цел Бог нè води низ страдања и неволји?**
3. **Дали сè уште сум роб на моите поранешни, световни страсти? Ако е така, колку долго планирам да го одложам моето целосно предавање?**
4. **Каков треба да биде мојот став кон оние што ме исмејуваат?**
5. **Што може да ме попречи да имам толку интензивен молитвен живот како што би требало?**

# Непрестајна љубов

**„А пред сѐ, имајте постојано љубов меѓу себе; зашто ’љубовта покрива многу гревови’“ (1 Петрово 4:8).**

„Делата на љубовта имаат прекрасна моќ, зашто се божествени“. – *Воспитување, 114.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Воспитување, 113-118.*

Недела 9. јуни

## 1. ДЛАБОЧИНА НА ЉУБОВТА – ГОЛЕМ ПОКАЗАТЕЛ

### а. Како гревот ја изопачил длабочината на нашата љубов? Создавање 3:12.

___

„Љубовта, благодарноста и преданоста кон Творецот сето тоа било потиснато од љубовта (на Адам) кон Ева. Таа била дел на неговото битие и не можел да ја поднесе мислата да се раздели (откако таа јадела од забранетото овошје) од неа... Решил да ја дели нејзината судбина; ако таа мора да умре, ќе умре и тој со неа...

...(Подоцна пред Бога) Адам не можел својот грев ниту да го побие ниту да го оправда. Меѓутоа, наместо да покаже дека се кае, се обидел вината да ја префрли врз својата жена, а со тоа и врз Бога“. – *Патријарси и пророци, 56,58.*

### б. Кој е најлесниот начин на кој можам да проверам дали сум вистински христијанин? 1 Јованово 2:9; 4:20; Јован 13:35.

„Синоќа сонував дека мало друштво се собрало да одржи верски состанок. Имаше еден кој влезе и седна во темен агол, каде што немаше да привлече големо внимание. Немаше дух на слобода. Господовиот Дух беше потиснат. Беа дадени неколку забелешки... Стана очигледно дека нема љубов кон Исус во срцата на оние кои тврдеа дека веруваат во вистината и дека, како сигурен резултат, има отсуство на Христовиот Дух... Заедничкото собрание не беше освежувачко за никого.

Кога средбата требаше да заврши, странецот стана и со глас полн со тага и солзи им кажа дека имаат голем недостаток во нивните душа и во нивните искуства на љубовта кон Исус“. – *This Day With God, p. 157.*

## 2. РАЗБИРАЊЕ НА НАЧЕЛОТО НА ЉУБОВТА

**а. На кое начело се заснова концептот на љубов во овој свет? Лука 6:32-34.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

**б. На кое начело се заснова вистинската, божествена љубов? Матеј 5:44,45; Јован 15:13; 1 Јованово 4:7-11.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Љубовта е повеќе од поттик, емоција. Тоа е живо, активно и ефективно начело. Таа не се води од чувства, туку од волјата. Во него е содржана цврстата решителност на покорениот и омекнат ум, цврсто потпирајќи се за силата на Бесконечното, велејќи: ’Ќе ти служам дури до смрт’“. – *The Signs of the Times, June 20, 1900.*

„Кога сите што го бараат Божјото царство и неговата праведност би биле секогаш подготвени да ги извршуваат Христовите дела, колку многу полесен би бил патот до небото! Божјите благослови ќе течат во душата, а пофалбите на Господ постојано ќе бидат на твоите усни. Тогаш ќе му служиш на Господ од начело. Можеби вашите чувства не се секогаш радосни; понекогаш облаците ќе го покријат хоризонтот на вашето искуство; но надежта на христијанинот не почива на нестабилниот темел на чувствата. Оние кои постапуваат според начелото ќе ја видат славата Божја зад сенките и ќе почиваат на сигурното ветување. Тие нема да бидат спречени да му оддаваат чест на Бога, колку и да изгледа мрачен патот. Неволјата и искушението само ќе им дадат можност да ја покажат искреноста на својата вера и љубов’“. – *The Review and Herald, October 20, 1910.*

**в. Ако ние, кои сме крстени, сѐ уште ни е тешко да простиме, да попуштиме и да покажеме љубов и трпение, што ни недостасува? Римјаните 8:7-10; 1 Јованово 4:8.**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

„Вистинското посветување ги обединува верниците со Христа и еден кон друг во нежни врски на сочувство. Ова соединување предизвикува богати потоци на љубовта слична на Христовата љубов постојано да се слеваат во срцето, кои повторно течат во љубов еден кон друг.

Суштинските особини што треба да ги поседуваме сите се оние што ја означуваат полнотата на Христовиот карактер - Неговата љубов...

Најголема и најфатална измама е да се мисли дека човек може да верува и да се надева на вечен живот, без да ја има љубовта слична на Христовата љубов кон своите браќа“. – *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, p. 1141.*

## 3. НАЧЕЛО КОЕ ТРЕБА ДА СЕ НАУЧИ

**а. Кое свето начело нè поттикнува Петар да го научиме и да го применуваме во секојдневниот живот? 1 Петрово 4:8 (прв дел); 1:22.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Во која смисла љубовта ќе „покрие мноштво гревови“? 1 Петрово 4:8 (последен дел). Споредете со Изреки 17:9; Јаков 5:19,20.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Ако мислиш дека брат ти те повредил, оди кај него во дух на нежност и љубов и тогаш можеби ќе дојдеш до разбирање и помирување. Кога се справувате со заблудените, секогаш мора да го имате на ум фактот дека имате работа со Христос во личноста на Неговите светии. Оди кај својот брат, за кого мислиш дека згрешил, и со љубов разговарај со него насамо; ако успееш да го решиш проблемот, си успеал да го придобиеш својот брат без да ги разоткриеш неговите слабости; твоето помирување од перспектива на другите ќе биде покривање на мноштво гревови. Другите нема да мораат да дознаат за вашиот проблем, нема да бидат во ситуација да мора сомнително да го следат секој чекор на тој за кого сметаш дека е во заблуда и погрешно ги толкуваат неговите мотиви“. – *The Review and Herald, February 24, 1891*.

„Писмото јасно учи дека со оној кој погреши треба да се постапува со трпеливост и со големо внимание. Со правилно постапување, дури и срце кое изгледа закоравено и нескршливо може да се придобие кон Христос. Христовата љубов покрива мноштво гревови. Неговата милост никогаш не води до откривање на туѓите грешки, освен ако тоа не е неопходно заради позитивен исход“. – *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 267.*

„’Пред сè’, пишува апостолот, ’имајте постојана љубов меѓу себе’ (1 Петрово 4:8). Не слушајте разни извештаи за некој брат или сестра. Бидете многу внимателни како примате тужба против вашиот ближен. Прашајте го оној што го изнесува обвинението дали ја послушал Божјата реч во врска со ова прашање. Христос ни оставил јасен пример во поглед на тоа што треба да се направи. Оди кај својот брат и кажи му ги грешките насамо. Не барајте изговори за тоа, велејќи: ’Нема лична навреда меѓу мене и обвинетиот.’ Правилата дадени од Христос се толку јасни што овој изговор не е валиден.

Без разлика дали постои лична навреда помеѓу вас и обвинетиот или не, Христовиот налог е ист. На твојот брат му треба помош. Кажете му нему, не на некој друг, дека се шират разни извештаи за него. Дајте му можност да објасни“. – *In Heavenly Places, p. 292.*

## 4. ГЛАВЕН ПЛОД НА ЉУБОВТА

**а. На која карактерна особина посочува Петар како добар знак дека Божјата љубов престојува во срцето? 1 Петрово 4:9.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

**б. Зошто гостопримството е суштински важна христијанска доблест? Евреите 13:2; Римјаните 12:13.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Дури и нашиот народ не ги користи приликите кои му се пружаат за да ја покажат својата гостољубивост и не гледа на таа особина како што би требало како на предност и благослов. Премалку има меѓусебна дружељубивост, премалку волја зад семејната трпеза да се примат уште двајца или тројца, без срам или парада. Некои се изговараат дека ’тоа е многу незгодно’…

Бог е незадоволен од себичните интереси кои толку често се манифестираат ’за мене и моето семејство’. Секое семејство кое е задоено со овој дух треба да се преобрати преку чистите начела за кои ни дава пример Христовиот живот. Оние кои се затвораат во себе и не сакаат на другите да им укажат гостопримство, губат многу благослови“. – *6 Сведоштво, 343,344.*

„Познавам луѓе кои тврдат дека ја исповедаат вистината, но чиишто срца се толку затворени од самољубието и себичноста… Тие целиот свој живот мислеле и живееле само за себе. Да се жртвуваш за добро на другите, да се лишуваш од нешто од што другите би имале корист, тоа кај нив воопшто не доаѓа во предвид… Нивен идол е сопственото „јас”. Скапоцени седмици, месеци и години преминуваат во вечноста, а на небото на нив не се запишува ниту едно добро дело, никаква жртва за добро на другите; ниту пак за нахранување на гладните, облекување на голите, ниту за примање на странецот*“. – 2 Сведоштво, 26.*

**в. Какво плитко, лажно „гостопримство“ практикуваат многу христијански семејства? Јов 1:4; 2 Царевите 20:13-15.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

„Да се вршат за гостите такви подготовки кои бараат време кое со право Му припаѓа на Господа, значи да се откажуваме од Христа… Копнежот за истакнување во угостувањето на посетителот донесува непотребни грижи и товари. Домаќинките работат прекумерно за да подготват што побогата трпеза, гостите прекумерно јадат затоа што се подготвени многу јадења и како последица на тоа, на една страна се јавуваат болести и неволји од преморeност, а на друга од прејадување. Овие богати гозби се товар и причинуваат штета“. – *6 Сведоштво, 343.*

Четврток 13. јуни

## 5. ВИСТИНСКА ХРИСТИЈАНСКА СЛУЖБА

### а. Наведете еден аспект за тоа како љубовта се манифестира во животот на вистинскиот христијанин. 1 Петрово 4:10.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Бог на секој човек му одредил работа во согласност со неговите способности. Преку воспитување и практична работа, луѓето ќе се оспособат да се снајдат во секоја прилика. Потребно е мудро да се планира за секој да биде поставен на одредено место и да може да добие искуства кои ќе го направат подобен да сноси одговорности“. – *9 Сведоштво, 221,222.*

„Младите особено треба да чувствуваат потреба да ги развијат своите умни способности и да ја искористат секоја прилика да станат мудри за да можат достојно да му служат на Оној кој го дал Својот скапоцен живот за нив... Секој нека ги искористи сите можности што му ги дава Божјата промисла за што повеќе да се збогати со библиско знаење и наука.

Секој талент што им е даден на луѓето треба да се искористи за да се зголеми неговата вредност и сè што ќе умножиме мора да му се врати на Бога. Ако ви недостасуваат манири во однесувањето, гласовни способности или образование, не мора засекогаш да останете во таа состојба. Мора постојано да се трудите да постигнете повисок стандард и во образованието и во религиозното искуство... Бог не ни отвора пат во кој некој ќе има изговор за вршење неквалитетна работа; а сепак оние кои работат во Неговото дело често прават токму такви дела, но тие не се прифатливи за Него“. – *Fundamentals of Christian Education, pp. 213–215.*

### б. Која треба да биде единствената цел на целата наша служба? 1 Петрово 4:11; Колосјаните 3:23.

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Петок 14. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Која е разликата помеѓу божествената љубов и световната „љубов“?**
2. **Кое начело е темелот на христијанската љубов?**
3. **Како можам да негувам поблагородни навики на гостопримство?**
4. **Какви видови на христијанска служба би било добро да развијам?**
5. **Како можам да се уверам дека мојата работа е за Бога, а не невнимателна и невешта?**

# Апел до црковните водачи

**„Понизете се под крепката рака Божја, за да ве воздигне кога ќе дојде времето“ (1 Петрово 5:6).**

„Оние кои стојат како претставници (на Божјиот народ) не се сите христијански господа. Кај многумина преовладува духот што има тенденција да доминира над другите“. – *Testimonies to Ministers, p. 260.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Testimonies to Ministers, pp. 347–359.*

Недела 16. јуни

## 1. ИСКУСТВО ШТО МУ Е ПОТРЕБНО НА СЕКОЈ ВОДАЧ

**а. Кога апостол Петар станал вистински пастор, подготвен да се грижи за душите на другите? Матеј 26:75; Јован 21:15-17; 1 Петрово 5:1.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Петар се откажал од Човекот на тагата… Но искрено се покајал и повторно се обратил. Во понизност на душата повторно се предал на својот Спасител… Понизувајќи се во потполност можел да сочувствува со слабите и заскитаните. Сега можел да ги предупредува и опоменува оние кои во својата горделивост се склони кон претерување и навистина се удостоил да ги утврдува своите браќа“. – *3 Сведоштво, 416.*

**б. Исто така, какво искуство мора да има секој пастор и црковен водач денес? Јован 3:1-3.**

„Никодим беше преобратен како резултат на овој разговор. Истите овие зборови Христос им ги упатува на претседателите на конференциите, на старешините на црквите и на оние што заземаат различни одговорни позиции во нашите институции: ’Вистина, вистина, ти велам, ако некој не се роди одозгора, тој не може да го види Божјото Царство’“. – *Testimonies to Ministers, p. 369.*

„Божјата моќ на преобраќање мора да делува на срцата на проповедниците, или тие треба да бараат некој друг повик...

Сè додека не се обратат проповедниците, црквите ќе бидат болни подготвени да умрат“. – *Evangelism, p. 643.*

## 2. ДА СЕ ПРЕДУПРЕДУВА СО АВТОРИТЕТ

**а. Што треба да земе во предвид црквата пред да повика некое лице на служба, и поединецот пред да го прифати повикот? 1 Петрово 5:2 (прв дел).**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Бог не само еднаш има покажано дека луѓето кои не дале несоборливи докази дека Тој ги повикал не треба да бидат охрабрувани да ја прифатат таа работа. Товарот за грижата на Своето стадо Бог нема да го довери на неквалификувани поединци. Оние што Бог ги повикува мора да бидат луѓе со длабоко искуство, испитани и проверени, луѓе со здраво расудување, луѓе кои не се плашат да го осудат гревот во дух на кротост, луѓе кои знаат како се чува и храни Божјото стадо“. – 1 Сведоштво, 209.

„Секој човек што презема на себе одговорност на советник, секој човек што се занимава со човечки души... никогаш нема да биде помудар додека не стане помал и побезвреден во своите очи... Оваа промена треба да се случи кај секој човек пред да прифати позиција на водач или управител во врска со Божјото свето дело“. – *Testimonies to Ministers, pp. 370, 371.*

**б. На каква опасност ги предупредил Петар оние што работеле во Господовото лозје? 1 Петрово 5:2 (втор дел).**

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

„Желбата за високи плати, со решеност другите да се лишат од нивните од Бога дадени права, потекнува од умот на сатаната... на оние кои упаднале во оваа замка не може да им се верува, освен ако темелно не се преобратени и обновени“. – *Testimonies to Ministers, pp. 393.*

„Луѓето на позиции од доверба треба да ги сметаат средствата со кои управуваат како Божји приход и да ги користат на економичен начин...

Одговорноста за користење и трошење на Господовите пари не смее да биде оставено на дискреционо право на еден човек. Мора да се даде сметка за секој потрошен денар. Божјите средства мора да се потрошат во вистинско време и место“. – *Medical Ministry, p. 165.*

**в. Дури и ако работата за Господ не е добро платена работа, за што црквата сепак треба да размисли? 1 Тимотеј 5:17,18.**

„Секој работник во нашите институции треба да биде праведно награден. Ако работниците добиваат соодветни плати, тие со задоволство ќе даваат прилози за Божјото дело. Не е во ред некои да добиваат голема сума, а други, кои верно и совесно ги извршуваат потребните задачи, примаат значително помалку“. – *The Publishing Ministry, p. 239.*

## 3. ПОТРЕБЕН Е ПОНИЗЕН СТАВ

**а. Која е главната причина за проблемите меѓу браќата на одговорни позиции? 1 Петрово 5:3; 3 Јованова 9.**

___

„Духот на доминација се протега и на претседателите на нашите конференции. Ако некој кој е премногу уверен во својата моќ, и се обидува да врши доминација над своите браќа, имајќи предвид дека има право да ја наметне својата волја како закон, таквиот е најдобро и најбезбедно да се отстрани, за да не предизвика поголема штета, да ја изгуби сопствената душа и да ги загрози душите на другите. – *Testimonies to Ministers, p. 362.*

**б. Каков апел се упатува до сите водачи и старешини на локалните цркви, кои, ако го послушаат, ќе ја спречат гордоста и духот на самодоверба кај браќата на повисоки позиции? 1 Петрово 5:2 (прв дел); 1 Коринтјаните 6:2-5.**

„Ми беше покажано дека е грешка да се претпостави дека луѓето на позиции од посебна одговорност во Battle Creek поседуваат мудрост многу посупериорна од онаа на обичните луѓе...

Многумина се навикнати да пишуваат или да бараат совет и насоки кога се нашле во тешки ситуации. Но, грешка е оние кои се на одговорни позиции во нашите различни институции да зависат од луѓето... Мизерно и слабо ќе биде судбината на оние кои се воспитани да зависат целосно од другите... Дали луѓето од Battle Creek треба да се сметаат за бескрајно мудри“. – *Testimonies to Ministers, p. 374,375.*

„Не гледајте во моќта на луѓето на високи позиции на одговорност, бидејќи истите тие луѓе се во опасност да заклучат дека одговорната позиција е доказ за посебната Божја наклоност и сила. Нашите цркви се слаби затоа што членовите се обучени да гледаат на луѓе и да се потпираат на човечка помош, а илјадници долари се трошат непотребно за транспорт на одредени луѓе од едно место до друго за да се решат малите тешкотии“. – *Testimonies to Ministers, p. 380.*

**в. Што би им овозможило на помалку искусните работници да стекнат поголем увид за да постигнат успех? Наведете пример кога недостатокот од ова довел до неуспех. 1 Петрово 5:5 (прв дел); 1 Царевите 12:6-8,16; Лука 6:39.**

„Младите би можеле да шират силно влијание кога би ја отфрлиле својата гордост и себичност, потполно посветувајќи се на Бога“. – *1 Сведоштво, 485.*

„Нека младите негуваат дух што може да се поучи, за да можат да имаат корист од напорите на оние што се обидуваат да им помогнат“. – *The Youth’s Instructor, August 31, 1893.*

## 4. ПЕТРОВИОТ ПРИМЕР НА ПОНИЗНОСТ

**а. Како знаеме дека еднократното вистинско преобраќање или искуство со Господ не е доволно за пасторот - или кој било верник? 2 Коринтјаните 13:5; Евреите 3:13.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Подоцна, кога ја посетил Антиохија, со својот внимателен однос кон верните од незнабоштво, Петар ја задобил довербата на многу верници. Извесно време постапувал според светлината што му била дадена од небото. Во толкава мера ги совладал своите природни предрасуди, што седел на заедничка трпеза со обратениците од незнабоштво. Меѓутоа, кога дошле некои Евреи од Ерусалим, кои ревнувале за обредниот закон, Петар несмасно го променил своето однесување кон обратениците од незнабоштво... Тој знак на слабост кај оние што биле сакани и почитувани како водачи оставил мошне мачен впечаток врз душите на верниците од незнабожечко потекло. На црквата ѝ се заканила опасност од отворен расцеп“. – *Делата на апостолите, 197,198.*

**б. Кога грешката или однесувањето на некој проповедник, библиски работник или водач на црквата внесува горчина или збунетост во црквата, како треба да се укорат? Галатјаните 2:14; 1 Тимотеј 5:20.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**в. Каков треба да биде ставот на преобратениот водач кога е јавно разоткриен? 1 Петрово 5:5 (втор дел), 6; Јаков 5:16.**

„Павле, гледајќи дека штетата што ѝ ја нанела на црквата дволичноста на Петар врши разурнувачко влијание, отворено го укорил Петар што ги покрива своите вистински чувства. Во присуство на сите го прашал Петар... Петар ја увидел заблудата во која паднал и веднаш, колку што било тоа во негова моќ, настојувал да го отстрани ова нанесено зло. Бог, кој од почеток го знае крајот, дозволил да се покаже таа слабост во карактерот на Петар со цел проверениот апостол да увиди дека во него нема ништо со што би можел да се пофали. Дури и најдобрите луѓе, ако се препуштени сами на себе, прават грешки во расудувањето...

Историјата за тоа отстапување од вистинските начела претставува сериозна опомена за луѓето што се наоѓаат на одговорни положби во Божјото дело... Колку поголеми одговорности му се доверени на едно човечко орудие, колку е поголема неговата положба и можноста да заповеда и да контролира, толку поголеми штети ќе направи“. – *Делата на апостолите, 198,199.*

Четврток 20. јуни

## 5. ОХРАБРУВАЊЕ ЗА УМОРНИТЕ РАБОТНИЦИ

### а. Која е често причината за обесхрабрување во животот на евангелскиот работник? 1 Петрово 5:5 (последен дел)

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

„Многумина од нашите проповедници се премногу чувствителни, неискусни, лишени од христијанските доблести, непосветени и лесно се обесхрабруваат... За ова дело се потребни луѓе кои нема да мрморат и да се жалат на тешкотиите и неволјите кои ги снаоѓаат, знаејќи дека тоа е дел од ветувањето кое Исус им го оставил. Тие мораат да излезат надвор од својата околина, да поднесуваат и срам и тешкотии како добри војници на Исуса Христа“. – *3 Сведоштво, 423.*

### б. Кога сатаната се обидува да обесхрабри некој од нас со тоа што ќе укаже на проблемите во црквата, за кое ветување треба да се држиме? 1 Петрово 5:4,7.

„Ништо да не нè спречи да ги изнесуваме нашите молитви во името на Исус, верувајќи со непоколеблива вера дека Бог нè слуша и ќе ни одговори. Да ги изнесеме нашите тешкотии кај Бога, понизно пред Него. Има голема работа што треба да се изврши, но иако е наша привилегија да се советуваме заедно, сепак мораме да бидеме сигурни и да бараме совет од Бога во сè, бидејќи Тој никогаш нема да нè изневери. Но, не треба да го направиме телото наша рака. Ако го сториме тоа... неверувањето ќе се вовлече и нашата вера ќе умре“. – *Testimonies to Ministers, p. 487.*

„Духот на вистинскиот пастир е полн со самопожртвуваност. Тој наполно се губи од вид себеси и сиот му се посветува на Божјото дело... Соработувајќи со Оној кој прима на Себе секој товар. Тој учествува во нивните страдања, ги теши во нивните таги, го намирува гладот на нивната душа и ги придобива нивните срца за Бога“. – *Делата на апостолите, 527.*

Петок 21. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Кога последен пат бев во солзи на колена во подножјето на крстот?**
2. **Дали некако мислам дека ако имам повисока позиција ќе можам да направам повеќе за Господ?**
3. **Зошто стремежот за повисока позиција во црквата не би требало да најде место во мојот ум?**
4. **Каков е мојот однос кон оние кои ми укажуваат на грешките?**
5. **Кого го обвинувам за моите моменти на обесхрабрување?**

# Бидете трезвени, бидете внимателни

**„Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта“ (1 Петрово 5:8).**

„Од Адамовите денови па сѐ до денес, нашиот голем непријател ја покажувал својата моќ на угнетување и уништување. Сега тој се подготвува за последната голема битка против Божјата црква“. – *Големата борба, 510.*

**ПРЕДЛАГАМЕ ДА ПРОЧИТАТЕ:** *Selected Messages, bk. 1, pp. 126, 127; Големата борба, 39-48.*

Недела 23. јуни

## 1. ЗНАЕШЕ ЗА ШТО ЗБОРУВА

**а. Какво сериозно предупредување напишал Петар на крајот од своето прво послание? 1 Петрово 5:8.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Сатаната постојано е на дело, но малкумина имаат претстава за неговата активност и лукавост. Божјиот народ мора да се подготви за да му се спротивстави на лукавиот непријател... Сатанскиот од е тивок, неговите движења бесшумни, а нападите маскирани. Тој не се осмелува отворено да се покаже, за да не ја пробуди заспаната енергија на христијанинот и да не го натера да му се обрати на Бога во молитва...

Човекот е заробеник на сатаната и по природа е наклонет да се поведува по неговите сугестии и понуди. Тој самиот нема сила да му се спротивстави на злото... Единствено со Христова помош може да се ограничи моќта на сатаната“. – *5 Сведоштво, 293,294.*

**б. Која тајна подоцна ја дознал Петар што му помогнала да победи во палатата на Кајафа за време на судењето на Исус? Матеј 26:38,40,41.**

„Самодовербата води кон лесноумност и занемарување на сесрдната и понизна молитва. Постојат надворешни искушенија од кои треба да се чуваме и внатрешни непријатели и збунетост која треба да се победи, бидејќи сатаната го приспособува своето искушување според карактерот и темпераментот на поединците“. – *3 Сведоштво, 445.*

## 2. ПРЕПОЗНАЈТЕ КОЈ Е ВАШИОТ НЕПРИЈАТЕЛ

**а. Освен што ги има истите карактеристики како лавот, можете ли да наведете друг начин на кој непријателот на нашата душа често му се приближува на својот плен. 2 Коринтјаните 11:14.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

„Сатаната постојано копнее да ги упропасти оние кои се незнајковци во поглед на неговите лукавства, но кои сепак сметаат дека не им се посебно потребни ниту молитва, ниту советите на искусните и побожни пријатели. Многумина од младите кои во _______ доаѓаат со искрена намера да живеат со христијански живот паѓаат под влијание на таквите кои, под превезот на пријателство, водат право во сатанските стапици. Непријателот не доаѓа секогаш како лав кој рика; тој често се појавува како ангел на светлината, покажувајќи пријателско држење и вовлекувајќи ги неискусните во такви искушенија на кои тие тешко можат да се спротивстават.“ *– 4 Сведоштво, 207.*

**б. Преку кои патишта на душата сатаната постигнува најголем успех, особено во ова време кога речиси секој има пристап до мобилни телефони и интернет? 1 Петрово 2:11; 1 Јованово 2:16.**

___________________________________________________________________________

___________________________________________________________________________

„Голем дел од младината… Читаат сѐ што ќе им дојде при рака. Возбудливите љубовни романи и нечисти слики вршат лошо влијание на младината. Многумина читаат романи кои создаваат нечиста фантазија… често се шират фотографии на жени во голотија (особено на интернет)… Со сликите се будат лоши страсти. Фантазијата го изопачува срцето. Луѓето сакаат да набљудуваат сцени кои будат ниски, животински страсти. Тие порочни слики кои делуваат на изопаченото вообразување, ги расипуваат добрите обичаи и ги поттикнуваат заслепените, измамени луѓе да се препуштат на својата страст. Потоа доаѓаат гревот и злосторството кои ги спуштаат суштествата создадени според Божје обличје на ниво на животните и конечно ги одвлекуваат во пропаст. Не читајте и не гледајте она што предизвикува нечисти мисли. Развивајте морални и умни сили…

Апелирам до родителите да го контролираат читањето (и пристапот до интернет) на нивните деца“. *– 2 Сведоштво, 410.*

„Со помош на апетитот, сатаната го контролира умот и целото битие“. *– Christian Temperance and Bible Hygiene, p. 37.*

„Многу мајки христијанки, кои со својот пример и воспитување ги подготвуваат своите деца да станат ненаситници и пијаници. На децата често им се попушта да јадат она што ќе изберат и се гурмански воспитани од своето најрано детство“. *– Совети за животот и исхраната, 235.*

## 3. ЕДИНСТВЕН ПАТ ДО ПОБЕДАТА

**а. Што мора да има секој христијанин за да му се спротивстави на сатаната? 1 Петрово 5:9 (прв дел); Јаков 4:7.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„(Ева) не им верувала на Божјите зборови и тука бил почетокот на нејзиниот пад. На судот луѓето нема да бидат судени затоа што верувале во некоја лага, туку затоа што не верувале во вистината, зашто ја пропуштиле можноста да се осведочат што е тоа вистина “. – *Патријарси и пророци, 55.*

„Кога имаат само теорија, плитка вера која не можат да ја објаснат, едно ненадејно искушение ќе ги натера луѓето да се препуштат на струјата што ќе ги влече кон светот“. – *Our High Calling, p. 332.*

**б. Што ги прави многуте христијани лесен плен за сатаната, иако тврдат дека веруваат во Божјата реч? Изреки 19:2; Осија 4:6 (прв дел). Споредете со Римјаните 10:17; 15:4.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Искушенијата често се чинат неодоливи затоа што се занемарува молитвата и проучувањето на Библијата и тогаш оној што се искушува не може веднаш да се сети на Божјите ветувања и на сатаната да му се спротивстави со библиско оружје.“ – *Големата борба, 599.*

**в. Која вистина треба да претставува големо охрабрување за секоја душа изложена на нападите на сатаната? 1 Петрово 5:9,10; 1:6,7; 2 Коринтјаните 4:17.**

________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

„Така Петар им пишувал на верниците во времето кога црквата поминувала низ тешки искушенија. Мнозина веќе станале учесници во Христовите страдања, а на црквата наскоро ѝ претстоел период на ужасно прогонство… Потоа настапувало време кога ќе се појават свирепи волци кои не ќе го штедат стадото. Но ништо од сето тоа не ги обесхрабрило оние кои имале цврста надеж во Христа. Со зборови што храбрат и тешат, Петар вниманието на верниците го одвраќал од сегашните неволји… на ’наследство што не пропаѓа’ ’Бог на секоја благодат’, била на крај негова сесрдна молитва, ’Кој ве повика за Својата вечна слава во Исус Христос, Сам, по вашето кратко страдање, да ве усоврши, укрепи и направи непоколебливи’“ – *Делата на апостолите, 528.*

## 4. ЦРКВАТА ВО ВАВИЛОН

**а. Со кои епизоди во историјата Петар ја споредува христијанската црква како расеана во „Вавилон" и угнетена од земните сили? Даниел 3:1-6; Естира 3:8; 1 Петрово 5:13.**

___

„Во земја каде што владеело идолопоклонство, тој прекрасен и непроценлив лик во рамнината Дура, кој ја претставувал славата, големината и моќта на Вавилон, да биде посветен како предмет на обожување... издадена била заповед на денот на посветувањето сите да покажат безусловна верност кон вавилонската сила, поклонувајќи се пред кипот.

Тој необичен ден, се чинело дека силите на темнината извојувале значајна победа...

Меѓутоа, Бог поинаку одлучил. Сите не се поклониле на идолопоклоничкиот симбол на човечка сила...

Покажувајќи на огнената печка, (царот) ги предупредил на казната која ги чека ако и понатаму се противат на неговата волја. Меѓутоа, Евреите цврсто посведочиле за својата поврзаност со небесниот Бог". – *Пророци и цареви, 505-507.*

„Заповедта која на крајот ќе биде издадена против остатокот на Божјиот народ ќе биде многу слична на заповедта која што Асвир ја издал против Евреите. Денеска непријателите на вистинската црква, во малата група на оние кои што ја држат саботата според четвртата заповед, го гледаат Мардохеј крај портите. Послушноста на Божјиот народ кон Неговиот закон претставува непрекратен укор за оние кои што немаат Господов страв и ја газат Неговата сабота.

Сатаната ќе поттикне огорченост против малцинството кое одбива да ги прифати популарните обичаи и традиции". – *Пророци и цареви, 605.*

„Земните сили и силите на пеколот се кренале против Христа во личноста на Неговите следбеници. Незнабоштвото предвидувало дека со победата на евангелието неговите храмови и олтари ќе бидат срамнети со земја, па затоа ги собрало сите свои сили да го уништи христијанството. – *Големата борба, 39.*

**б. Зошто на многу места денес има малку или воопшто нема прогонство? Јован 15:19.**

„Христијанството изгледа толку популарно во светот само затоа што постојано оди во компромис со гревот, поради тоа што на големите вистини на Божјото слово толку рамнодушно се гледа и што во црквата има толку малку жива побожност. Штом ќе дојде до оживување на верата и силата на првобитната христијанска црква, ќе оживее и духот на прогонството и огнот на гонењето повторно ќе се распали". – *Големата борба, 48.*

Четврток 27. јуни

## 5. ПОУКИ НА КРАЈОТ ОД ПОСЛАНИЕТО

**а. Кој му помогна на Петар да го напише своето послание? 1 Петрово 5:12.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Како знаеме дека Силуан бил активен мисионер и соработник на Петар и Павле (кој најверојатно им помогнал околу грчката граматика при пишувањето на некои од нивните посланија)? 2 Коринтјаните 1:19; 1 Солуњаните 1:1; 2 Солуњаните 1:1. На кој начин ова има паралели во животот на Елена Вајт.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„По смртта на мојот сопруг, ми се придружија верните помошници кои неуморно работеа на делото на умножување сведоштва и подготвување написи за објавување.

Но, гласините што кружат, дека на некој од моите помошници му било дозволено нешто да додаде или да го промени значењето на пораките што ги напишав, не се вистинити“. – *Selected Messages, bk. 1, p. 50.*

**в. Кој добар христијански обичај го воспоставиле апостолите и треба да се практикува меѓу верниците денес? 1 Петрово 5:14.**

„При употреба на светиот поздрав… секогаш треба да се има во предвид неговиот вистински карактер. Тоа е свет целив; и треба да се смета како знак на заедница на христијански пријатели, кој се применува при разделба или средба по разделба од неколку седмици или месеци… Меѓутоа, никакво зло не може да има ако светиот целив се дава во вистинско време и на вистинско место“. – *Рани списи, 117.*

Петок 28. јуни

### ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

1. **Како самодовербата често му претходи на падот во искушение?**
2. **Како моите страсти или апетитот можат да ме натераат да станам плен на сатанските лукавства?**
3. **Зошто би ми помогнало почестото и посветено лично проучување на Библијата?**
4. **Објаснете ја рамнотежата помеѓу добрите односи во јавноста наспроти погрешните компромиси.**
5. **Што можам да направам за да и помогнам на црквата да напредува во ширењето на евангелието?**

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## Април - 2024.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Понеделник | Откр. 22:14-20. | Гол. Борба 484. | Ис. 58:8-11. |
| 2. | Вторник | Откр. 20:11,12. | Гол. Борба 485. | Ис. 59:1-4. |
| 3. | Среда | Откр. 21:1-4. | Гол. Борба 486. | Ис. 59:14-16. |
| 4. | Четврток | Откр. 21:9-11. | Гол. Борба 487. | Ис. 59:17-21. |
| 5. | Петок | Откр. 19:6-9. | Сонцето заоѓа во 19 03 | |
| 6. | Сабота | Псалм 136:1-9. | Сонцето заоѓа во 19 04 | |
| 7. | Недела | Откр. 15:2-4. | Гол. Борба 488. | Езек. 7:25-27. |
| 8. | Понеделник | Откр. 14:1-5. | Гол. Борба 489. | Ис. 61:1-3. |
| 9. | Вторник | Исаија 11:6-9. | Гол. Борба 490. | Ис. 61:5-7. |
| 10. | Среда | Исаија 66:22,23. | Гол. Борба 401. | Ис. 61:9-11. |
| 11. | Четврток | Откр. 7:1-4. | Гол. Борба 492. | Ис. 62:1-4. |
| 12. | Петок | Исаија 8:16. | Сонцето заоѓа во 19 11 | |
| 13. | Сабота | Псалм 133. | Сонцето заоѓа во 19 12 | |
| 14. | Недела | Откр. 11:18,19. | Гол. Борба 493. | Ис. 63:1-4. |
| 15. | Понеделник | Езекиел 9:1,2. | Гол. Борба 494. | Ис. 63:5-8. |
| 16. | Вторник | Езекиел 9:5,6. | Гол. Борба 495. | Ис. 63:9-13. |
| 17. | Среда | Дела 2:36-40. | Гол. Борба 496. | Ис. 63:14-17. |
| 18. | Четврток | Дела 2:41-47. | Гол. Борба 498. | Ис. 64:1-4. |
| 19. | Петок | Дела 3:1-6. | Сонцето заоѓа во 19 19 | |
| 20. | Сабота | Псалм 132:1-10. | Сонцето заоѓа во 19 20 | |
| 21. | Недела | Дела 3:7-11. | Гол. Борба 499. | Ис. 65:8,9. |
| 22. | Понеделник | Дела 3:12-16. | Гол. Борба 500. | Ис. 65:16-18. |
| 23. | Вторник | Дела 3:16-21. | Гол. Борба 502. | Ис. 65:21-25. |
| 24. | Среда | Дела 3:22-26. | Гол. Борба 503. | Ис. 66:1,2. |
| 25. | Четврток | Дела 4:1-4. | Гол. Борба 504. | Ис. 66:4,5. |
| 26. | Петок | Дела 4:5-10. | Сонцето заоѓа во 19 26 | |
| 27. | Сабота | Пс. 132:13-18. | Сонцето заоѓа во 19 28 | |
| 28. | Недела | Дела 4:11-16. | Гол. Борба 505. | Ерем. 1:1-5. |
| 29. | Понеделник | 2 Петр. 3:9-14. | Гол. Борба 506. | Ис. 58:1-4. |
| 30. | Вторник | Даниел 12:1-3. | Гол. Борба 507. | Ис. 58:5-7. |

# Мај - 2024.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Среда | Дела 4:30,31. | Гол. Борба 441. | Ерем. 2:2,3. |
| 2. | Четврток | Дела 5:12-16. | Гол. Борба 457. | Ерем. 2:5-7. |
| 3. | Петок | Дела 5:17-23. | Сонцето заоѓа во 19 34 | |
| 4. | Сабота | Псалм 130. | Сонцето заоѓа во 19 35 | |
| 5. | Недела | Дела 5:24-28. | Гол. Борба 443. | Ерем. 2:11-13. |
| 6. | Понеделник | Дела 5:29-32. | Гол. Борба 444. | Ерем. 2:26-28. |
| 7. | Вторник | Дела 5:33-42. | Гол. Борба 445. | Ерем. 3:12-14. |
| 8. | Среда | Дела 6:7-15. | Гол. Борба 446. | Ерем. 3:17-19. |
| 9. | Четврток | Дела 7:1-5. | Гол. Борба 457. | Ерем. 3:22-25. |
| 10. | Петок | Дела 7:17-23. | Сонцето заоѓа во 19 42 | |
| 11. | Сабота | Псалм 127. | Сонцето заоѓа во 19 43 | |
| 12. | Недела | Дела 7:30-34. | Гол. Борба 448. | Ерем. 4:1-4. |
| 13. | Понеделник | Дела 7:48-53. | Гол. Борба 449. | Ерем. 4:5,6. |
| 14. | Вторник | Дела 7:55-60. | Гол. Борба 450. | Ерем. 4:14-17. |
| 15. | Среда | Дела 8:1-5. | Гол. Борба 451. | Ерем. 4:19-22. |
| 16. | Четврток | Дела 8:19-24. | Гол. Борба 457. | Ерем. 4:23-26. |
| 17. | Петок | Дела 8:26-31. | Сонцето заоѓа во 19 49 | |
| 18. | Сабота | Псалм 126. | Сонцето заоѓа во 19 50 | |
| 19. | Недела | Дела 8:32-39. | Гол. Борба 453. | Ерем. 5:1-4. |
| 20. | Понеделник | Дела 9:1-6. | Гол. Борба 455. | Ерем. 5:14,15. |
| 21. | Вторник | Дела 9:10-16. | Гол. Борба 456. | Ерем. 5:17-21. |
| 22. | Среда | Дела 9:17-22. | Гол. Борба 457. | Ерем. 5:22-24. |
| 23. | Четврток | Дела 9:23-27. | Гол. Борба 457. | Ерем. 5:29-31. |
| 24. | Петок | Дела 9:32-35. | Сонцето заоѓа во 19 56 | |
| 25. | Сабота | Псалм 125. | Сонцето заоѓа во 19 57 | |
| 26. | Недела | Дела 9:36-42. | Гол. Борба 459. | Ерем. 6:2-6. |
| 27. | Понеделник | Дела 10:1-4. | Гол. Борба 460. | Ерем. 6:9-12. |
| 28. | Вторник | Дела 10:5-8. | Гол. Борба 461. | Ерем. 6:13-17. |
| 29. | Среда | Дела 10:16-20. | Гол. Борба 462. | Ерем. 6:18,19. |
| 30. | Четврток | Дела 4:17-21. | Гол. Борба 462. | Ерем. 7:1-4. |
| 31. | Петок | Дела 4:22-29. | Сонцето заоѓа во 20 02 | |

# Јуни – 2024.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Сабота | Псалм 4:1-8. | Сонцето заоѓа во 20 02 | |
| 2. | Недела | Дела 10:34-38. | Гол. Борба 466. | Ерем. 8:7-11. |
| 3. | Понеделник | Дела 10:39-43. | Гол. Борба 463. | Ерем. 8:19-22. |
| 4. | Вторник | Дела 10:44-48. | Гол. Борба 464. | Ерем. 9:1-3. |
| 5. | Среда | Дела 12:1-5. | Гол. Борба 465. | Ерем. 9:4-9. |
| 6. | Четврток | Дела 12:6-9. | Гол. Борба 466. | Ерем. 9:12-14. |
| 7. | Петок | Дела 12:10,11. | Сонцето заоѓа во 20 06 | |
| 8. | Сабота | Псалм 120. | Сонцето заоѓа во 20 07 | |
| 9. | Недела | Дела 13:1-3. | Гол. Борба 466. | Ерем. 10:10-12. |
| 10. | Понеделник | Дела 13:45-48. | Гол. Борба 468. | Ерем. 10:13-16. |
| 11. | Вторник | Дела 14:8-12. | Гол. Борба 469. | Ерем. 10:23-25. |
| 12. | Среда | Дела 14:14,15. | Гол. Борба 470. | Ерем. 11:1-5. |
| 13. | Четврток | Дела 14:19-22. | Гол. Борба 471. | Ерем. 11:11-14. |
| 14. | Петок | Дела 16:16-18. | Сонцето заоѓа во 20 10 | |
| 15. | Сабота | Псалм 121. | Сонцето заоѓа во 20 10 | |
| 16. | Недела | Дела 17:5-8. | Гол. Борба 466. | Ерем. 12:1-3. |
| 17. | Понеделник | Дела 17:16-20. | Гол. Борба 473. | Ерем. 12:4-6. |
| 18. | Вторник | Дела 17:22-28. | Гол. Борба 474. | Ерем. 13:20-23. |
| 19. | Среда | Дела 17:29-31. | Гол. Борба 475. | Ерем. 14:8,9. |
| 20. | Четврток | Дела 18:9-16. | Гол. Борба 476. | Ерем. 14:11,14. |
| 21. | Петок | Дела 19:9-12. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 22. | Сабота | Псалм 122. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 23. | Недела | Дела 20:28-30. | Гол. Борба 466. | Ерем. 14:19-22. |
| 24. | Понеделник | Дела 22:1-7. | Гол. Борба 478. | Ерем. 15:1-4. |
| 25. | Вторник | Дела 22:8-11. | Гол. Борба 479. | Ерем. 15:15,16. |
| 26. | Среда | Дела 22:12-16. | Гол. Борба 480. | Ерем. 15:19,20. |
| 27. | Четврток | Дела 23:1-5. | Гол. Борба 481. | Ерем. 16:5-8. |
| 28. | Петок | Дела 23:10-15. | Сонцето заоѓа во 20 13 | |
| 29. | Сабота | Псалм 123. | Сонцето заоѓа во 20 12 | |
| 30. | Недела | Дела 10:22-29. | Гол. Борба 466. | Ерем. 8:4-6. |

# Доброволен дар во првата сабота




**6. април**
Дар во првата сабота за црквата во Наранг Манди, Пакистан
(страна 4)

**4. мај**
Дар во првата сабота за светските мисии
(страна 25)






**1. јуни**
Дар во првата сабота за странска мисија во регионот на Пацификот
(страна 46)